# *Историја на Современа Грција*

**Стојан Киселиновски**

# Историја на Современа Грција

Published by:

Risto Stefov Publications
rstefov@hotmail.com

Toronto, Canada

All rights reserved. No part of this book may be reproduced or transmitted in any form or by any means, electronic or mechanical, including photocopying, recording or by any information storage and retrieval system without written consent from the author, except for the inclusion of brief and documented quotations in a review.

Copyright © 2018 by Stojan Kiselinovski

e-book edition

***

December 1, 2018

***

СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОР ....................................................................4
ГРЦИЈА - (1821-1913)....................................................................5
ГРЦИЈА ВО ПЕРИОДОТ НА БАЛКАНСКИТЕ И ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА (1912-1918) ..........................................18
ГРЦИЈА МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ - (1919-1939) ....23
МАЛЦИНСТВАТА ВО ГРЦИЈА - (1913-1939) ......................31
ГРЦИЈА ВО ПЕРИОДОТ НА ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА - (1940-1945)....................................................................43
МАЛЦИНСТВАТА ВО ГРЦИЈА ВО ПЕРИОДОТ НА ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА - (1940-1945)...........................47
ГРЦИЈА ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА ..........................50
МАЛЦИНСТВАТА ВО ГРЦИЈА ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА....................................................................62
КУЛТУРАТА - (19-20 век)..........................................................67
ПРЕГЛЕДАНА И КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ..................71
Германски историчар објаснува како е фалсификувана грчката историја ...........................................................................77
Грчкиот идентитет и грчката нација се вештачки проект на Германија ..........................................................................83

# ПРЕДГОВОР

Трудот Историја на современа Грција, на синтетичен начин, ја претставува историјата на Грција од почетокот на грчкото востание до нашите дни (1821-2016). Во трудот е претставена дејноста на Филики Етерија, текот на грчкото востание, појавување на еленофилското движење, ставот на големите сили (Русија, Велика Британија и Франција) кон грчкиот проблем. Улогата на Мегали идеја за создавањето на Голема Грција, т.е. држава на два континента и пет морињa.

Во трудот е претставен и развитокот на грчката држава и нејзината внатрешна и надворешна политика во цел овој историски период. Претставена е, исто така, и положбата на Грција во периодот на Балканските војни, Првата светска и грчко-турската војна и нивните територијални, етнички и политички последици за грчката држава.

Посебно внимание се обрнува и на историската судбина на малцинствата во Грција по Втората балканска војна, периодот меѓу двете светски војни, периодот на Втората светска војна и повоениот период. Претставени се и процесите на миграција на домородното население и процесите на колонизација на инородно население и нивните етно-јазични последици.

За пишувањето на овој труд беше користена примарна архивска граѓа и разновидна историска литература (грчка, бугарска, македонска, француска и романска). Со печатењето на Историја на современа Грција ќе се дополни една празнина на македонската историографија и јавноста ќе се запознае со историјата на нашиот јужен сосед.

Авторот

# ГРЦИЈА - (1821-1913)

Грчкото востание (1821-1829): Со почетокот на Француската револуција (1789 г.), во историјата на човештвото завршува "праисторискиот" и почнува историскиот период. Француската револуција сериозно влијаеше во еманципаторските процеси низ светот. Паролата "Слобода, еднаквост и братство" ја крстосувала Европа. Овие национално-ослободителни процеси го опфатиле и Балканот. Во почетокот на 19 век почнало Првото и Второто српско востание предводени од Караѓорѓе Петровиќ (1804 г.) и Милош Обреновиќ (1815-1817 г.). Истите национално-еманципаторски процеси се забележуваат и во Грција. Идеите на Француската револуција во Грција ги пренесле грчките студенти што студирале во западните европски земји, новата грчка трговска класа, која одржуваше активни трговски и идејни врски со многубројните грчки колонии распространети низ целото Средоземје.

Еден од првите дејци што ги ширеле новите идеи бил Ригас Велестенлис или Ригас од Фереа. Ригас од Фереа ги повикувал балканските народи против османлиското владеење и формирање на ново Византиското царство со центар во Цариград. "Подобро еден час слобода, отколку четириесет години ропство и зандани", беше пораката што Ригас ја упатил до поробените балкански народи. Поради својата бунтовничка активност, Ригас од Фереа бил апсен од Австријците, предаден на турските власти и убиен во Белград (1789 г.).

Слободарските идеи на Ригас од Фереа паднале на плодно тло. Во 1814 г., во Русија (Одеса), Емануил Ксантос, Николаос Скуфас и Анастасиос Цакалоф, ја основале организацијата "Филики Етерија" ("Пријателско Дурштво"). Целта на Друштвото била, преку востание, ослободување на Грција од турското ропство. Филики Етерија брзо организирала свои Ефории (филијали) на различни делови во Европа каде живеело грчко население. Раководството на востанието му било предложено на Јоанис Каподистрија, руски дипломат. Јоанис Каподистрија, како вешт дипломат и добар познавач на европската политичка реалност создадена со Виенскиот конгрес (1815 г.), го одбил предлогот. По одбивањето на Ј.

Каподистрија, раководството на востанието му било предложено на Александрос Ипсилантис, аѓутант на рускиот цар.

Грчкото востание, наместо во Грција, почнало во Романските принципати Молдова и Влашко. Во романските принципати управители (“Господари”) биле Грци-фанариоти. Во јануари 1821 година во Влашко, по смртта на фанариотот Александар Шуцу, власта преминала во рацете на т.н. “Комитет за заштита”, кој го сочинувале видни болјари, дел поврзани и наклонети со Филики Етерија.

Романското население било незадоволно од Османо-фанариотско управување и тоа незадоволство се изрази преку востанието на чело со Тудор Владимиреску, кој исто така бил во дослух со Етеристите. Востанието во Влашко почнало на 23 јануари 1821 г. Во планинското село Падеш, Т. Владимиреску го повикал населението во борба за слобода и правда. Истовремено, во март 1821 година, Александрос Ипсилантис, со т.н. “Светиот баталјон”, ја преминал реката Прут (граница меѓу Русија и Молдавија) и влегол во Јаши, главниот град на Молдова. А. Ипсилантис го повикал народот на востание и го убедувал романското население дека една голема сила (алузија за Русија) стои зад етеритското движење.

Соработката меѓу етеристите и Т. Владимиреску, по осудата на рускиот цар на востанието, не траела долго. “Не сум подготвен да ја пролеам романската крв за Грците...”, се исповедал Т. Владимиреску на еден австриски претставник. Обвинет дека соработувал со Турците, Тудор, по наредба на А. Ипсилантис, бил уапсен од етеристот Јордаке Олимпиос. Вечерта меѓу 26 и 27 мај 1821 година, без судење, бил убиен од страна на Василис Каравија. Неговото тело било масакрирано и фрлено во бунар.

По смртта на Т. Владимиреску неговата војска (Пандурите) се распаднала и со тоа ослабнало етериското движење во романските принципати. На 7 јуни 1821 година во Драгашани, Турците успеале да ги поразат етеристите и тие биле принудени да емигрираат во Молдова или Австрија. Пребегнатите етеристи во Молдова биле исто така поразени во Скулен на

Прут и во манастирот Секу. Со тоа Турците успеале да го задушат етериското востание во Молдова и Влашко. А. Ипсилантис заминал во Австрија, бил уапсен и умира во затворот 1828 година.

Борбата против турското владение продолжила во Грција. На Пелопонез и островите почнале првите воени судири меѓу грчките востаници и турските војски. Први во редовите на востаниците се вклучиле т.н. “Клефтес” (“ајдути”) и Арматолите, вооружена православна милиција на државна служба во Османлиската империја.

Пресметките меѓу грчките востаници и турскиот аскер биле крајно сурови. Турските власти репресијата ја почнале со погром на грчкото население во Цариград. Цариградскиот патријарх Григориос Петти бил обесен на црковната порта на Патријаршијата и биле убиени и други Грци-фанариоти што живееле во познатиот Цариградски кварт “Фанар”. По убиството на Патријархот, црквата била затворена, бојадисано во црно и повеќе не се одржувале црковни обреди. Грчките востаници, на чело со Теодорос Колокотронис, по заземањето на Триполица (Пелопонез), убиле многубројно турско население. Во месец април 1822 година, 7000 турски војници се истовариле на островот Хиос и го масакрирале грчкото население на островот. Поголемиот дел од населението биле убиено, а други биле продадени како робови на Блискиот Исток. Мал дел од населението се спасило, бегајќи на други грчки острови (Кикладите). Ова трагично собитие било овековечено од францускиот уметник Еуген Делакроа во неговата позната слика “Масакрот од Хиос”.

Во периодот од 1821 до 1824 година востаниците ределе успеси на копно и на море. Тоа се должело и на фактот дека востаниците биле раководени од способни дејци како Теодорос Колокотронис, Маркос Боцарис, Константинос Канарис, О. Андруцос, Григориос Дјакос-Папафлесас и Димитрис Ипсилантис, брат на А. Ипсилантис.

Со почетокот на самото грчко востание се појавиле и првите внатрешни недоразбирања и судири. Дејноста на Етеријата,

воените раководители на востанието, најдоа на силен отпор кај т.н. коцобати, привелигиран слој уште од периодот на поранешната управа, кои се стремеле да го преземат раководството на востанието. На 24 март 1821 година во Патра се организирала првата локална власт на чело со владиката Германос. На 25 март 1821 година митрополитот од Патра го благословува востанието. Оттогаш 25 март се празнува како национален празник на Грција.

По ослободувањето на дел од грчката територија се прават и првите чекори за државно организирање. По организираните избори, на 20 ноември 1822 година во Епидаур се свикало Првото национално собрание. Националното собрание во Епидаур ја прокламира независноста на Грција и бил прифатен и првиот Устав на земјата со кој Грција се прокламирала за Република. Со новиот Устав законодавната власт била во надлежност на Националното собрание, а Извршната власт била во надлежност на петчлен Извршен совет, кој го наименувала владата. Со Уставот се гарантирало правото на живот, имот, право на сопственост, слобода на говорот и се забранувало ропството. Но новиот Устав не го предвидувал решавањето на аграрното прашање за кое живо било заинтересирано грчкото селанство. Второто Национално собрание кое било одржано во Аргос (10 април 1823 година) исто така не го решило аграрното прашање. Националното собрание решило земјата што останала по заминувањето на Османлиите од Грција да не се дели на селанството, туку да се продава.

Во меѓувреме продолжиле судирите меѓу востаниците и османлиската војска. Турскиот султан Мехмед Втори, советуван од австриската дипломатија, побарал воена помош од Мехмед Али, египетски паша и турски вазал. Во 1825 година египетската војска на чело со Ибраим-паша, син на Мехмед Али, крваво го задушила востанието на островот Крит и Пелопонез. Востаниците, за да одбегнат поголеми жртви, почнале почесто да спроведуваат герилска војна, т.е. клефтополемос (“удри и бегај”).

Крвавите собитија во Грција од самиот почеток на востанието го привлекле вниманието на европската јавност. Во Европа се

појави едно силно елинофилско движење. Грчките востаници биле помогнати на најразличен начин и многу Европејци, меѓу кои и англискиот поет Бајрон, заминале во Грција да се борат за нејзината слобода. Речиси 2000 од нив ги положиле животите за слободата на Грција. Истовремено, елинофилското движење вршело силен притисок врз европските влади за интервенција во Грција. Во 1826 година се случила трагедијата на градот Месолонги. Градот бил долго време опколен од османлиските војски. Населението, по долгата опсада, страдало од глад, жед и болести. Голем број жители, меѓу кои и лордот Бајрон, умреле од тифус. Обидот на востаниците за пробив на османлиската опсада не бил успешен. Војските на Ибраим-паша и Решид-паша влегле во градот и го масакрирале целокупното останато население.

По трагичните собитија во Месолонги (1826 г.), европските големи сили решиле да интервенираат. Русија, Англија и Франција побарале запирање на вооружените дејствија. Одбивањето од страна на Османлиската империја, ги принудило големите европски сили директно да се замешаат во грчкиот воен конфликт. Во 1827 година, во Наварин, англо-француската и руската флота ја поразиле турско-египетската под команда на Ибраим-паша. Биле уништени 60 турски и египетски бродови и загинале многу османлиски морнари. Истовремено, рускиот император Николај Први и објавил војна на Турција (1828-1829 г.). Поразена, Турција била принудена да го прифати примирјето. Со мировниот договор од Одрин, меѓу Русија и Труција (14 септември 1829 г.), Османлиската империја и призна автономија на Грција. Со Лондонските протоколи се признала независноста на грчката држава и Грција станала првата независна балканска држава. Новата грчка држава имала површина од 47.516 км$^2$ и 753.400 жители. Во составот на новата држава влегувале грчките етнички територии: Пелопонез (Мореа), Централна Грција, Еубеа и Кикладите. На север, новата држава се простирала од заливот на Арта на запад до заливот Волос на исток.

По формирањето на новата држава, во услови на голема политичка нестабилност, почнал процесот на нејзиното организирање. Тој процес поактивно започнал да се реализира

со решенијата на Третото национално собрание што се одржало во Тризина (1827). Третото национално собрание го прифати новиот Устав предложен од А. Маврокордатос, претставник на побогатите слоеви на грчкото општество. Според новиот Устав државата се организирала како претседателска република. Законодавната власт била во надлежност на Националното собрание, а извршната била во надлежност на претседателот на републиката. За претседател бил избран Јоанис Каподистрија. Преземајќи ја функцијата и базирајќи се на "руската партија" и на воените раководители на чело со Т. Колокотронис, го суспендирал Уставот, го распуштил Националното собрание и создал влада наречена Панелениум. Ј. Каподистрија почнал да спроведува реформи. Тој ја организирал администрацијата, народното образование, но не успеал да го реши аграрното прашање.

Особен проблем за решавање било како да се поделат 721.000 хектари земјиште оставено од Турците по заминувањето од Грција. "Народните старешени" узурпирале 300.000 хектари земја, а само 421.000 хектари биле доделени на безимотните селани. Старите привилигирани слоеви на грчкото општество, наречени од Ј. Каподистрија "турски христијани", хилаво се бореле за зачувувањето на сопствените привилегии. Внатрешните превирања во земјата што земале размери на граѓанска војна кулминирале со убиството на Ј. Каподистрија на 9 октомври 1831 година од двајца членови на братството Мавромихалис од Пелопонез.

По убиството на Ј. Каподистрија, Триархијата (Англија, Русија, Франција) решиле во Грција да се воспостави наследна монархија. По одбивањето на грчката круна од страна на Сакс-Кобург, грчкиот престол бил понуден на Отон од Баварија, второт син на Лудвиг, кралот на Баварија. Во 1832 година принцот Отон пристигнал во Навплион, одушевено пречекан од населението. Во август 1832 година, по кратко баварско регенство, на чело со Јохан Фон Мало Армансперг, Националното собрание го избрал Отон за крал на Грција под името Отон I (1832-1862). Него го придружувале и 3.500 баварски војници, кои ќе се повлечат од Грција во 1838 година. Со неговото крунисување започнал процесот на изградба на

државата и нацијата. Се вовдува кривичното и граѓанското законодавство, се организирала просветата, се формира Атинскиот универзитет (1837). Се организирал и државниот апарат. Клучните места во државниот апарат ги добиле баварците, т.е. администрацијата се "баваризира". Овој баварски период останал забележан во грчката историја како периодот на Ксенократија (владеењето на странците) или Баварократија (владеењето на баварците). Во времето на Отон I Грчката црква ја прокламирала својата афтокефалност во однос на Цариградската Патријаршија. Прокламирањето на афтокефалноста на Грчката православна црква ги заладиодносите со Грчката цариградска патријаршија. Дури во 1850 година Цариградската патријаршија ќе ја признае афтокефалноста на Грчката православна црква и односите меѓу двете цркви ќе се нормализират. Истовремено, во периодот на владеењето на Отон I преместена е престолнината од Навплион во Атина.

Авторитарното кралско владеење, баваризацијата на администрацијата, одбивањето на кралот да премине од католичка во православна вера, немањето наследници, предизвика незадоволство кај населението. На 3 септември 1843 година војската, поддржана од населението, извршила државен удар. Кралот, принуден, прифатил да свика Уставотворно собрание за изготвување на нацрт-устав. Уставот бил прифатен во март 1844 година по примерот на белгискиот Устав од 1831 година и со него се ставиле темелите на наследна уставна монархија во Грција. Со Уставот се предвидувал дводомен Парламент: Домот на пратениците избрани на општи избори и Сенатот со членови доживотно наименувани од кралот. Законодавната власт била во надлежност на кралот и парламентот. Извршната власт ја извршувал кралот преку владата. Судската власт ја извршувале судии, кои исто така биле назначувани од кралот. Со новиот Устав прерогативите на кралот и понатаму останале големи. Неговата личност била света и неприкосновена. Со Уставот од 1844 година се гарантирала и слободата на личноста, на печатот и се забранувало било каква форма на ропство.

Политичкиот живот во Грција, покрај кралот, бил доминиран од две личности: Јоанис Колетис и Александрос Маврокордатос. Тие вешто манипулирале меѓу приврзаниците на т.н. “англиска”, “руска” и “француска” партија. Во тој однос посебно се истакнувал Ј. Колетис, таткото на “Меѓали идеја” (“Големата идеја”) за создавање на “Меѓали Елада” (“Голема Грција”), т.е. создавање на држава која ќе се простира на два континента (Европа и Азија) и на пет мориња (Црното, Мраморното, Егејското, Средоземното и Јонското Море).

Отон I, и покрај постоењето на Уставот, продолжил со неговото авторитарното владеење. Во 1862 година, обвинет од страна на армијата дека не го почитувал Уставот, бил принуден да абдицира и, заедно со својата сопруга Амалија од Олденбург, заминал за Баварија. Починал во Минхен 1867 година и до крајот на својот живот се сметал за грчки крал. Често,од носталгија, се облекувал со грчката национална носија: фустанела.

За нов крал на Грција бил избран Вилхелм од данската династија Глизбург како Георгиос I (1863-1913). Во 1864 година новоизбраното собрание го усвоил новиот Устав, полиберален од уставот од 1844 година. Според новиот Устав законодавната власт била во рацете на парламентот, а извршната власт била во надлежност на кралот, која ја извршувал преку назначените министри. Првиот министер се избирал од редовите на партијата која имала најповеќе пратеници во парламентот. Со новиот Устав се гарантирала слободата на печатот и правото на здружување.

Во втората половина на 19 век отпечаток на грчкиот политички живот оставиле Теодорос Делијанис и Харилаос Трикупис. За разлика од Делијанис, Х. Трикупис, како прагматичен политичар, сметал дека за реализација на “Големата идеја” Грција прво треба да биде економски и политички стабилна земја. Грчката економија често влегувала во криза. Државата не била во можност редовно да ги сервисира своите обврски кон странските кредитори и често била на прагот на банкрот. За одложување на финансиските обврски, земјите кредитори секогаш и поставувале на Грција нови политички услови.

Но на крајот на 19 век во Грција се забележува еден развиток на грчкиот економски живот. Се развива земјоделството. Растат површините за жито по обединувањето на Тесалија со Грција, лозарството (Грција станала најголем производител на суво грозје). Се прават првите чекори на индустрализација. Во индустријата се воведува машинското производство во прехранбената и текстилната индустрија. Се развива и рударството. Се гради првата ж.п. линија (1869), првото бродоградилиште во Сарос (1879), Коринскиот канал (1889-1893) и развива трговијата (внатрешна и надворешна). Грција разви една од најголемите трговски комерцијални флоти во светот.И покрај раздвижувањето на грчката економија, сепак таа не била во можност да го прифати целокупното работоспособно население. Во овој период се забележуваат и првите миграциони движења. На крајот на 19 и почетокот на 20 век од Грција со САД се иселиле 350.000 Грци. Со парите испратени на своите семејства, тие придонесувале за економска пулсација на грчкото стопанство.

На почетокот на 20 век, Грција се соочила со уште една политичка криза. Војската, на чело со “Воената лига”, се побунила и се повлекла во Гуди, една од атинските преградија. “Воената лига”, на чело со полковникот Николас Зорбас, побарале од кралот да изврши неколку реформи: принцовите да немат високи воени должности, министерот за одбрана да биде од редовите на војската, унапредувањето во војската да биде по заслуги и споредувања на реформи во армијата и морнарицата. Немајќи политички лидер, Военииот совет го предложил за претседател на грчката влада надарениот Елефтериос Венизелос, симболот на грчкиот национализам и државниот експанзионизам. Е. Венизелос, по победа на неговата Либерална партија на парламентарните избори во 1910 и 1912, почнал да спроведува сериозни внатрешни реформи за Грција да биде во состојба да се справи со бурните настани од почетокот на 20 век.

Надворешната политика (1832-1912): Со формирањето на грчката независна држава на нејзиниот темел се стави “Големата идеја” за создавање на “Мегали Елада”. Новата грчка

држава не ги опфаќаше сите грчки етно-историски територии. Во составот на грчката држава влегувале Пелопонез, Централна Грција (Стереа Елада), Еубеа и неколку острови од Егејското Море. Надвор од новосоздадената грчка држава останале уште грчки-етно историски територии како Крит, Епир Тесалија, островите од Егејското Море (Лимнос, Митилини, Лезбос, Хиос, Самотраки, Додеканезите и Јужните Споради). Во Кипар живеело компактно грчко население и турско малцинство што го привлекувало вниманието и на Грција и Турција.

Грчката држава се стремала да ги обедини сите овие грчки-етнички територии и, по можност, да се прошири и на туѓи негрчки етно-историски територии (Македонија и Одринско). Оваа идеја Грција се стремела да ја реализира во две фази: прво Грција се стремела да ги обедини сите грчко-етнички територии, а во втората фаза да се прошири и окупира и негрчки етно-историски територии. Сите грчки влади без исклучок биле посветени за реализација на овој “свети национален идеал”. Во периодот на Кримската војна (1853-1856), Грција била наклонета кон Русија, но блокирана од Велика Британија, не се здоби со никакво територијално проширување. Во 1864 година, Велика Британија, задоволна од изборот за крал на Грција на Георгиос I, им ги остапи на грчкото кралство Јонските острови, управувани од Велика Британија уште од 1815 година.

На крајот на 19 век политичката ситуација на Балканот се комплицира. Источната криза почна со силното востание во Босна и Херцеговина (1875-1878) и Априлското востание во Бугарија (1876). Турските масакри во Босна и Херцеговина и Бугарија (трагедијата во с. Батак) предизвика интервенција на големите сили. Источната криза кулминирала со нова руско-турската војна (1877-1878). По крвавите битки кај Плевен и херојската одбрана кај преминот Шипка од страна на руските војски и бугарските ополченци, патот кон Цариград бил отворен. Турција, поразена, ги прифатила преговорите за мир со Русија (3 март 1878). Со Сан-стефанскиот мировен договор се формира Голема Бугарија (Мизија, Тракија, Македонија), Турција ја признала независноста на Романија, Србија и Црна Гора. Западните сили (Австро-Унгарија, Велика Британија,

Франција и Германија) не се сложиле со решенијата донесени во Сан-Стефано. Со Берлинскиот конгрес (јуни-јули, 1878) се ревидирал договорот од Сан-Стефано. Со овој договор се потврдила независноста на Романија, Србија и Црна Гора. Бугарија била поделена на два дела: северниот дел се формирал во Кнежевство Бугарија, а јужниот дел во автономната провинција Источна Румелија под османлиска управа. Македонија била вратена во рамките на османлиското царство и се предвидувало спроведување на реформи (чл. 23). На Грција, по силното востание во Тесалија (1878), и се признало правото за анектирање за Тесалија. Дури во 1881 година, со Цариградскиот договор меѓу Турција и Грција, Османлиското царство и ја отстапи на Грција Тесалија и дел од Епир (Пирсос). Со добивањето на Тесалија и дел од Епир територијата на грчкото кралство се прошири со нови 13.400 км².

Во периодот на српско-бугарската војна (1885), Грција имала антибугарски став и, како и Србија, се стремела да го попречи процесот на обединување на сите бугарски етнички територии во една држава. На крајот на 19 век односите на Грција со Турција биле секогаш затегнати. Честите востанија во Тесалија и Крит (1866-1868) односите меѓу двете земји ги донеле до работ на војна. Во 1896 година повторно избувнало силно антитурско востание на островот Крит за Еносис (Обединување) со Грција. Владата на Т. Делијанис се вмешала во конфликтот. Грчко-турската војна кратко траеше (1897). Грција била брзо поразена. Со грчко-турскиот мировен договор од Цариград се прифати принципот status quo ante bellum и Грција била принудена да плати воена оштета од 100 милиони франци. Со анектирањето на Тесалија, Грција се доближила до Македонија.

Македонија: Македонија немаше грчки етнички карактер. Мнозинството од населението било со негрчки етнички карактер (главно со егзархиска црковна припадност), а грчкото етничко население било реално малцинство (9,8 %). Во Македонија ВМОРО (Бнатрешна македонско одринска революционерна организација) разви силно народно ослободително движење на чело со Гоце Делчев, Даме Груев, Христо Татарчев, Борис Сарафов и други дејци.

Ослободителното движење на македонското население кулминирало со Илинденското востание (2 август 1903).

По поразот на востанието, покрај засилувањето на грчката просветна и црковна пропаганда, грчката држава почнала да испраќа во Македонија грчки вооружени андартски чети т.н. “Македономахи” (“Македонски борци”). Грчките чети, создадени од критијани или отпадници на ВМОРО (Коте Христов од с. Руља – Кота), повеќе воделе борба со македонското цивилно егзархиско население отколку со четите на ВМОРО или турските војски. Андартите, раководени од Павлос Мелас и Германос Каравангелис, костурски грчки владика, вршеле силен притисок врз македонското егзархиско население за напуштање на Егзархијата и враќање кон грчката Патријаршија. Грчките андарти праќале заканувачки писма до егзархиското македонско население за враќање кон омразената грчка Патријаршија.

“Соберете си го умот во главата, пишувал еден андартски главатар во писмото испратено на 15 март 1907 година до жителите на с. Б’мбоки (денес Ставропотамос), Костурско, и станете пак што бевте елини-христијани, зашто, ако до 20 април не се вратите, ќе влезам како бесен во селото и нема да оставам ништо: ниту жени, ниту деца, ниту кучиња. Има уште време, помислите што правете. Ве поздравува Гр. Закас, Главатар”. Андартската активност на т.н. македонски борци кулминира со масовните убиства на цивилното егзархиско население во селата Зеленич (Склитрон) и Загоричани (Василијада). На 13 ноември 1904 година андартска чета на чело со капетан Рувас (Георгиос Катехакис) влегла во с. Зеленич, Леринско, и убила 13 свадбари. Ова трагично событие во историјата е запамтено како Крвавата зеленичка свадба. На 25 март 1905 година, на денот на грчкиот национален празник, голема андартска чета предводена од капетан Вардас (Георгиос Цондос) убила 60 невини селани во селото Загоричани, Костурско. Ова крваво событие имало одзив низ цела Европа.

Во јули 1908 година, со извиците “Да живее слобода” и со пеењето на Марзелезата, започнала Револуцијата на “Младите Турци”. Младотурската револуција била последната историска

шанса на Османлиската империја да ги одбегне реформските обврски наметнати на Турција во Берлинскиот конгрес и да го запази својот територијален интегритет.

Со Балканските војни проблемот на "Болниот од Босфорот" воено се реши.

# ГРЦИЈА ВО ПЕРИОДОТ НА БАЛКАНСКИТЕ И ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА (1912-1918)

Првата и Втората балканска војна (1912-1913): Во почетокот на 20 век Османлиската империја се наоѓала во длабока економска и политичка криза. Турско-италијанската војна од 1911 година ја изразила уште еднаш слабоста на “Болниот од Босфорот”. Младотурците брзо ја заборавиле паролата “да живее слободата” и почнале да спроведуваат една панисламска политика. Балканските држави, поддржани од Русија и поактивна меѓусебна дипломатска активност, го формирале Балканскиот Сојуз (Бугарија, Србија, Грција и Црна Гора). Балканските држави побарале од Османлиската империја итно да ги спроведе реформите што биле предвидени со Берлинскиот конгрес од 1878 година (чл. 23). По одбивањето од страна на Турција на ултимативното барање на Балканскиот сојуз, почнал долгоочекуваниот воен судир меѓу двете душмански настроени страни. Целта на Балканскиот сојуз било протерувањето на Османлиите од Балканскиот Полуостров и поделба на османлиското територијално наследство.

Првата Балканска војна почнала во октомври 1912 година и се одвивала на три главни фронта: Тракискиот, Јужниот и Албанскиот фронт. Балканските сојузници мобилизирале 645.000 војници (Бугарија 370.000, Србија 175.190, Грција 90.120 и Црна Гора 30.000), а Турција на Балканот располагала со 420.000 војници. На страната на бугарската војска учествувале и 14.000 ополченци од Македонија и Одринско и 91 чети со 2.174 комити.

Во текот на Првата балканска војна грчките војски напредувале во правец на Централна Македонија и Епир. Поради слабиот отпор на Османлиите, грчките војски го окупирале Кожанско, Солунско (со гр. Солун), Костурско и Леринско. Истовремено грчките војски ги ослободиле и грчките острови Крит, Хиос, Лемнос, Самос, Митилини и Тасос.

Првата балканска војна имала антитурски и антиисламски карактер. Грчките војски почнале еден вистински геноциден поход против турското и другото муслиманско население.

Речиси сите турски села биле изгорени, населението било тероризирано или убиено и голем број Турци барале заштита во Солун или неповратно заминувале за Турција.

Во периодот на Првата балканска војна и македонското егзархиско население било поставено под силен политички, економски и психолошки притисок од страна на грчките војски. Во Костурската околија, на пример, Грците го советувале македонското егзархиско население да се декларираат за Грци, да го прифатат грчкиот јазик и грчката Патријаршија зашто во спротивно “животот нема да им биде лесен”.

По големите воени успеси на бугарската војска (Одринско), спрската (Куманово и Битола), Османлиската империја била принудена за капитулира. Преговорите за мир меѓу завојуваните страни се воделе во Лондон (13-30 мај 1912 година). Со Лондонскиот договор, Турција ги отстапи на сојузниците сите територии западно од линијата Мидија-Енос (Тракија, Македонија), островот Крит, а на Албанија, по упорното инсистирање на Австро-Унгарија, и се признава независност.

Во текот на Лондонскиот мировен договор се појавиле сериозни недоразбирања меѓу сојузниците како да се подели турското територијално наследство. Србија, по формирањето на албанската држава, барала сериозни територијални компезации во Македонија. Грција, исто така, имала големи територијални претензии кон неетничките грчки територии Македонија и Тракија (Источна и Западна). Бугарија енергично инсистирала да и припадне Солун, каде по повод на една посета грчкиот крал Георгиос I бил убиен од една неурамнотежена личност. На 19 мај 1913 година, кога биле во тек Лондонските преговори, Грција и Србија склучиле таен воено-политички договор против Бугарија. Бугарското царство, убедено во својата супериорна воена сила во однос на Србија и Грција, одлучила проблемот да го реши воено и да ги казни нелојалните сојузници. На 16 јуни 1913 година, бугарската војска ги нападнала позициите на српско-грчките војски и на тој начин почнала Втората балканска војна, посурова и покрвава од Првата. Во новиот конфликт се замешале и Романија и Турција, кои исто така

имале територијални претензии кон бугарските етнички територии (Романија кон Јужна Добруџа, а Турција кон Источна Тракија со Одрин).

Втората балканска војна имала антибугарски и антиегзархиски карактер. Во новата војна Грција влегла со поголема омраза и фанатизам. Меѓу грчките војници кружеле слики како грчкиот војник го јаде лицето на бугарскиот војник. На тој начин ѕверските склоности на грчките војници биле ослободени и лишени од секакво воено достоинство и морал. Се што било славјанско било разурнато со ретка свирепост, а македонското егзархиско население било сметано за животни. "Ден ине антропи" (Не се луѓе), велеа грчките војници. Злосторствата на грчката војска врз цивилното население земале такви размери што пред грчкото воено злосторство се колебаше дури и мајчинското чувство. Многу мајки, констатирале членовите на Карнигиевата комисија, ги губеле децата, оставајќи понекогаш едно, со надеж да го спасат другото. Нечовечки третман имале и бугарските заробени војници и егзархиското цивилно население во Македонија. Заробените војници и цивили (повеќе од 7000) биле затворени во логорот на островот Трикери, Воловскиот Залив. На пат до островот многу заробеници биле фрлени во морето, меѓу кои и Христо Батанџиев, еден од основачите на ВМОРО. На островот, поради болести, глад и жед, загинале илјадници бугарски војници и цивилно егзархиско население од Македонија.

Во периодот на Балканските војни грчките војски запалиле 160 населени места, разурнале развиени градови Кукуш (Килкис), а 16.000 егзархиско население побареле спас во Бугарија. Сите овие злосторства грчката војска не ги правела од војничка потреба, туку реализирале на теренот една претходна нацртана политика за десловенизација на Егејска Македонија.

По тешки и крвави борби, Бугарија била принудена да го прифати примирјето. Преговорите за мир меѓу Бугарија и новиот Балкански сојуз (Романија, Србија, Грција, Турција и Црна Гора) се воделе во главниот град на романското кралство (Букурешт, 10 август 1913 година). Со Букурешкиот мировен договор Грција ја анектирала Егејска Македонија (34.356 $км^2$

или 51% од македонската територија и со само 9,8% грчко население во рамките на целокупна Македонија), Епир со Јанина, дел од Западна Тракија, о. Крит и острови на Егејското Море. Со тоа територијата на Грција значително се зголемила. Ако пред Балканските војни територијата на Грција изнесувала 63.211 $км^2$ со 2.631.952 жители, по Букурешкиот мировен договор нејзината територија изнесувала 114.511 $км^2$ со 4.255.952 жители. Букурешкиот мировен договор ги заостри уште повеќе односите меѓу балканските држави и создаде еден опасен балкански casus belli. Букурешкиот мировен договор сериозно ќе влијае во определувањето на балканските држави во текот на Првата светска војна (1914-1918).

Првата светска војна: По Сараевскиот атентат (28 јуни 1914), Антантата (Русија, Франција и Велика Британија) и Централните сили (Германија и Австро-Унгарија), правеле дополнителни напори да ги привлечат балканските држави на своја страна. Балканските држави, врз основа на своите национални интереси, различно се определиле. Турција и Бугарија се определиле за Централните сили, а Србија и Романија, која имаше територијални претензии врз Австро-Унгарија (Трансилванија и Северна Буковина), се приклучиле кон Антантата.

Грција на почетокот на војната не се определила кон едната или другата страна. Едни, на чело со кралот Константин и неговата сопруга Софија, сестра на германскиот Кајзер, се залагале за воена неутралност, а други, на чело со лидерот на Либералната партија Е. Венизелос, се залагале за приклучување на Грција кон Антантскиот сојуз. Незадоволен од неутралната политика на кралот, Е. Венизелос формирал еден комитет за “Национална одбрана” и, заедно со ген. Павлос Кондориотис и ген. Даглис, формирал Привремена влада, која тесно соработувала со силите на Антантата. Грција, всушност, била управувана од две влади: една на Е. Венизелос во Солун и кралската влада во Атина.

Антантата вршела силен притисок врз Грција за нејзино приклучување кон Антантата и ја подржувале политичката опција на Е. Венизелос. Во 1916 година, во согласност и на Е. Венизелос, антанските војски се истовариле во Солун. Кралот

Константин го отстранил од власта Е. Венизелос. Во 1916 година Грција и објавила војна на Бугарија и во 1917 година и ставила на располагање на Антантата 40.000 војници.

Под силен притисок на Антантата и на Е. Венизелос, кралот Константин бил принуден да абдицира во корист на вториот син Александар. Преземајќи ја власта во свои раце (1917-1920), Е. Венизелос им објавил војна на Централните сили и преземал остри мерки против политичките неистомисленици. Ја исчистил војската (3000 офицери биле отстранети од армијата) и државната администрација од приврзаниците на кралот и многу од нив биле принудени да заминат во егзил (Д. Гунарис и Јоанис Метаксас).

По интервенцијата на САД на страната на Антантата (1917), Централните сили биле поразени. Со поразените во Првата светска војна (Германија, Австро-Унгарија, Бугарија и Турција) договорите за мир биле склучени во Париз. Со Нејскиот мировен договор со Бугарија (1919), Грција ја анектирала Западна Тракија, а со Северскиот мировен договор (1920) ја анектирала Источна Тракија (без Истанбул), градот Измир (Смирна) со околината и островите Имброс и Тенедос. Со анектирањето на овие територии грчката држава сериозно територијално се проширила. Ако по Букурешкиот мировен договор територијата на Грција изнесувала 114.511 км$^2$ со 4.255.952 население, по Нејскиот и Северскиот мировен довогор нејзината површина изнесувала 150.833 км$^2$ со 5.581.474 жители.

# ГРЦИЈА МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ - (1919-1939)

Грчко-турската војна (1919-1922): Со Балканките војни и Првата светска војна, Грција изгледаше како да ги реализирала византиските амбиции за создавање на "Мегали Елада" и не останува ништо друго освен да се качи на византискиот трон останат празен уште од 1453 година.

Но историската судбина си поиграла со грчките византиски амбиции. На 25 ноември 1920 година, ненајдено, умира кралот Александар и на парламентарните избори од 1920 година Е. Венизелос, миленикот на Антантата, бил поразен. Новата грчка влада, плебисцитарно, го вратила кралот Константин XII на престолот, на големо незадоволство на Антантата. Истовремено Турција не го прифатила договорот од Севр што султанот го потпишал. Великото национално собрание свикано на 23 април 1920 година и Првата национална турска влада формирана во мај 1920 година го отфрлиле како неприфатлив Северскиот договор. Во Турција се разви силно национално-ослободително движење на чело со Кемал Мустафа-Ататурк, херојот од Галиполе.

Со желба да ја принуди Турција да го прифати Северскиот договор, силите на Антантата ја советувале Грција да го наметне. Е. Венизелос, опседнат за создавањето на голема Грција и со блаконаклоноста на силите на Антантата, во 1919 година ги испратил првите грчки воени единици во Мала Азија. Но поразот на Е. Венизелос на парламентарните избори од 1920 година, како и враќањето на кралот Константин на грчкиот престол, Грција ја изгубила благонаклоноста на силите на Антантата. Кралот и грчката влада, сепак, решиле да ја продолжат воената операција во Мала Азија. Една од причините била да и се намали ореолот на Е. Венизелос за ктитор на Голема Грција и, по можност, да се супституира во полза на кралот Константин. Не случајно грчкиот крал го добил името Константин XII, т.е. наследник на последниот византиски император Константин XI, кој загинал во борбата за одбрана на Константинопол 1453 година.

На почетокот грчките војски, пречекани со воодушевување од локалното грчко население, навлегле длабоко во Мала Азија. Во 1921 година, кај реката Сакарија, се одви епската битка меѓу турските и грчките војски. Грчката војска, тешко поразена, почнала хаотично да се повлекува. Градот Измир (Смирна) бил запален, а грчкото население, заедно со грчките војски, панично се повлекувале кон Грција.

Поразена, Грција, по примирјето склучено во Муданија (октомври 1922), започнала преговори за мир во Лозана (Швајцарија, 1923 г.). Со овој мировен договор Грција била принудена да ги врати на Турција гр. Измир (Смирна) со околината, Источна Тракија и островите Имброс и Тенедос. Со Лозанскиот мировен договор територијата на Грција се намалила од 150.833 км² (со 5.581.474 жители) на 129.880 км², а населението пораснало на 6.204.684 жители поради миграциони движења. Со договот од Лозана се предвидувало и задолжителното иселување на христијаните од Турција и муслиманите од Грција. Претпочитаме да бидиме оштетени 30% или 50% велеше еден турски претставник во Лозана, отколку кај нас да имаме странци и душмани.

Лозанскиот мировен договор има историско значење. Со овој мировен договор се прави првата ревизија на Парисксите мировни договори и им се ставил дефинитивен крај на грчките византиски амбиции за обновување на византиската империја.

Политичкиот живот во Грција по Малоазиската катастрофа: Националната катастрофа во Мала Азија предизвикала голема политичка нестабилност во Грција. Страстите меѓи привзрзаниците на Е. Венизелос (венизелисти) и неговите противници (антивенизелисти) земале голем замав. По Малоазиската катастрофа, грчки офицери на чело со Николас Пластирас, Силјанос Гонатас и Александрос Хаџикирјакос во островите Хиос и Митилини, објавиле "Револуција" за спас на татковината. Триумвиратот, со помош на војската, ја презеде власта и го принудиле кралот Константин да абдицира во корист на неговиот син Георгиос II. Истовремено, шест членови на владата, обвинети за националната катастрофа од Мала Азија, биле осудени и егзекутирани: Петрос Протопападакис,

прв министер, Г. Хаџијанестис, главен командант на грчката војска, Г. Гунарис и други тројца министри. По малоазиската катастрофа антимонархистичките чувства во Грција се засилиле. На 24 март 1924 година, пред грчкиот национален празник, владата на Александрос Папанастасиу и лидер "Демократската унија", ја прогласил Грција за Еленики Димократија (Грчка Република).

Грчките влади, кои често се менувале, се соочиле со еден сериозен проблем: колонизирање на бежанското население протерано од Турција по силата на Лозанскиот мировен договор. Во Грција пристигнале 1.159.311 бежанци. Тие потекнувале од Азија (353.652), Европа (263.481), Америка (567), Африка (486) и Океанија (3). Сите грчки партии се залагале за успешно колонизирање на бежанците особено на овој план се залагала Либералната партија на Е. Венизелос, наречен татко на бежанците. Во месец декември 1924 година грчката банка го потпишала првиот договор со странски кредитори од Англија и САД. Според овој договор Грција добила 12.300.000 лири стерлинзи. Каматата изнесувала 7% што за тогашните финансиски прилики била доста висока. За успешно колонизирање на бежанците, се формирала една Главна дирекција за колонизирање (ЕАП).

Огромното бежанско население било колонизирано на следниот начин: Егејска Македонија (565.143 или 48,75%), Стереа Елада и Еубеа (317.188 или 27,36%), Западна Тракија (100.485 или 8,6%), Егејските острови (51.550 или 4,45%), Тесалија (36.427 или 3,14%), Пелопонез (32.411 или 2,84%), Крит (32.411 или 2,98%), Кипар (10.348 или 0,98%), Кикладите (6.697 или 0,53%) и Јонските острови (6.189 или 0,53%). Колонизирањето на бежанците било на сметка на домородното население и затоа домородното население во Егејска Македонија не ги сакаше грчките колонисти.

Надворешна политика: Во однос на надворешната политика републиканските влади меѓу двете светски војни се стремеле да го зачуваат балканскиот status quo создаден во Букурешкиот и Париските мировни договори. Односите со Бугарија биле најзатегнати. Со Букурешкиот и Нејскиот мировен договор,

Бугарија ги изгубила бугарските етнички територии (Јужна Добруџа, Тракија, Западните Покраини). Бугарија сметала дека и Македонија му припаѓа на бугарскиот етнички простор. Бугарското царство водело една политика на ревизија на Букурешкиот и Нејскиот мировен договор. Во такви политички услови, сепак, се воделе меѓу државни контакти меѓу Бугарија и Грција. На 29 септември 1924 година во Женева меѓу Грција и Бугарија бил потпишан протоколот Калфов-Политис од страна на министрите за надворешни работи на двете земји. Со овој протокол грчката страна го признала славјанското население во Егејска Македонија како бугарско малцинство. Протоколот "Калфов-Политис" сериозно ги засегнале грчко-српските односи. Кралството СХС, кое барало славјанското население од Егејска Македонија да биде признато како српско, дури го откажало договорот за пријателство со Грција од 1913 година.

Политичките ривалства меѓу Либералната (венизелисти) и Народната партија (антивенизелисти), обидите за атентат врз Е. Венизелос, како и тешката економска ситуација во земјата, ја искористил генералот Теодорос Пангалос да ја преземе власта во земјата (1925). Неговото диктаторско владеење повеќе го следеле неуспеси отколку успеси. Во периодот на пангаловата диктатура кралството СХС постигнало дипломатски успех. На 17 август 1926 година генералот Т. Пангалос склучил со владата на кралството СХС поволна спогодба околу слободната зона во Солун и ЖП линијата Солун-Гевгелија. Истовремено Т. Пангалос го признал славјанското население во Егејска Македонија како српско малцинство. Неговото владеење останало запамтено и со Петричката неславна воена авантура. Во 1925 година, по еден мал инцидент на грчко-бугарската граница, грчките војски навлегле на бугарска територија. Тие биле брзо поразени од малубројните бугарски војници, помогнати од четите на ВМРО. По овој инцидент, Грција била принудена да плати оштета на Бугарија. Спогодбите на Т. Пангалос со југословенските власти, како и воената Петричка авантура, биле едни од основните причини за неговото отстранување од власта. Неуспешното владение на Т. Пангалос придонесло повторно во политичкиот живот на земјата да интервенира војската. Во 1926 година генерал Кондилис ја отстранил владата на Т. Пангалос и ја презел власта.

Краткотрајната политичка стабилност се забележува во периодот на владењето на Е. Венизелос (1928-1932). Владата на Е. Венизелос спроведувала реформи во правниот систем и економијата. Една од поважните реформи биле во просветата. Се изградиле нови основни и средни училишта и Димотики се воведува во гимназиските училишта. Но тоа што способниот Е. Венизелос не предвидел била големата економска криза. Во 1929 година почнала големата светска економска криза, кризата која ја засегнала грчката економија и влијаела врз популарноста на венизеловата влада.

Владата на Е. Венизелос била многу поуспешна во водењето на надворешната политика. Односите со Италија секогаш биле затегнати по убиството на генерал Телени и грчката влада се залагала да ги нормализира. На 23 септември 1928 година бил потпишан договор за пријателство со Италија. На 27 март 1929 година бил потпишан грчко-југословенски договор и на 30 октомври 1930 година турско-грчки договор "За пријателство, неутралност и арбитража". Во 1929 година, со договорот Молов-Кафандарис, биле решени имотно-правните прашања што постоеле меѓу Грција и Бугарија по големите миграциони движења. На 9 февруари 1934 година, во Атина, Грција, Југославија, Романија и Турција, ја формирале Балканската антанта насочена против Бугарија, а на 31 јули 1938 година Балканската антанта и Бугарија потпишале договор со кој двете страни се откажувале од употреба на воена сила во меѓусебните односи.

Политичкиот живот во земјата повторно се компилицирал и добивал загрижувачки размери. Политичките страсти меѓу венизелистите и антивенизелистите повторно ескалирале. На парламентарните избори од 1933 година победила Народната партија, која била поддржана од малите политички формации на Кондилис, Ј. Метаксас и Хацикирјакос. Е. Венизелос бил незадоволен и не го прифатил мирно парламентарниот пораз. Генералот Пластирас, со цел да ја спаси земјата од "хаосот", извршил неуспешен обид за државен удар. Владата на П. Цалдарис, поддржана од Г. Кондилис и Ј. Метаксас, воведуват во земјата "вонредна состојба". Дел од пучистите се осудени на смрт, а дел бегаат во Бугарија. Самиот Е. Венизелос, осомничен

како главен иницијатор на пучот, е осуден на смрт и принуден, со бродот “Аверов”, да бега во островот Касос што бил под италијанска управа.

По обидот за државен удар биле закажани парламентарни избори за 9 јуни 1935 година. На изборите победила Народната партија и Кондилис формирал влада. Новата влада, монархистички настроена, организирала плебисцит за враќање на монархијата во Грција. На плебисцитот 97,80% се изјасниле за враќањето на кралот Гергиос II на грчкиот престол (25 декември 1935 г.) Кралот, по неговото крунисување, прогласил општа амнестија и формирал Привремена влада на чело со К. Демерџис, професор на Атинскиот универзитет. Новата влада закажала избори за 26 јануари 1936 година.

По неуспешниот државен удар од март 1935 година, Либералната партија не ослабела до таа мера до која се надевала Народната партија. Парламетарните избори од јануари 1936 година тоа го потврдиле. Политичките пресметки меѓу Либералната и Народната партија, како и шумната пропаганда во текот на изборите, не влијале многу во корист на една или друга од главните владејачки партии. Либералната партија на изборите добила 574.655 гласови и пратила во новиот грчки парламент 142 пратеници. Од друга страна конзервативните формации, што биле собрани околу Народната партија, не го добиле саканото мнозинство. Конзервативните сили на изборите од 1936 година добиле 602.840 гласови и испратиле во новиот грчки парламент 143 пратеници. За Народниот фронт, кој ги обединувал левите сили на чело со КПГ, гласале 73.411 гласачи и во новиот грчки парламент репрезентирале 15 пратеници. По парламентарните избори ниту Либералната, ниту Народната партија не претставувале апсолутно мнозинство и не биле во можност да формираат еднобојна влада. Во такви услови 15 пратеници на Народниот фронт претставувале грам на кантарот. Ако до 1936 година грчките партии одбивале секаков компромис со КПГ поради нејзината политика за “Обединета и независна Македонија”, по изборите во 1936 година и Либералната и Народната партија ги правеле првите чекори кон спогодување со КПГ за формирање на новата грчка влада. Сите овие политички контакти биле можни единствено

со сменувањето и отфрлувањето од страна на КПГ на политиката за “Обединета и независна Македонија”. Претставниците на Народниот фронт на чело со М. Порфирогенис, облечени во фракови, го известиле грчкиот крал Георгиос II дека КПГ не бара автономија на Македонија. Во контекстот на историската промена во политиката на КПГ во однос на македонското прашање, грчките партии воспоставиле контакт со КПГ. К. Ангелопулос, претставени на Народната партија, воспоставил контакти со претставниците на левиците на чело со Д. Глинос, Г. Сјантос и М. Порфирогенис. Истовремено и претставниците на либералите воспоставиле контакт со претставникот на Народниот фронт С. Склавенас. Како резултат на овие политички контакти би потпишан познатиот договор меѓу Т. Софулис, претставник на Либералната партија и С. Склавенас, претставник на Народниот фронт.

Спогодбата Софулис-Склавенас била потпишана во периодот кога грчкото општество изразувало силни елементи на економска и политичка нестабилност. Економското и политичкото незадоволство на масите се изразило со големите солунски демонстрации. Демонстрациите што се одржале во Кукуш (Килкис), Серес, Драма, кулминирале на 8 мај 1936 година со масовните солунски демонстрации на околу 15.000 тутунски работници. Во знак на протест против крвавото задушување на демонстрациите од 8 мај 1936 година на протестниот митинг на плоштадот “Слобода” во Солун учествувале 150.000 демонстранти. Поради бруталното однесување на полицијата, како и убиството на десет работници во текот на големите солунски демонстрации, во цела Грција се одржувале митинзи и демонстрации со кои се изразувала солидарност со работниците од Солун. Истовремено, претставниците на Народниот фронт во грчкиот парламент побарале итна оставка на генералот Ј. Метаксас, главниот виновник за крвавите солунски собития. На 24 јули 1936 година двете најголеми грчки синдикални организации, Конфедерација на работниците на Грција и Обединетата генерална конференција на работниците, решиле да организираат општ сегрчки штрајк во знак на протест против репресивната политика на владата.

Диктатурата на Јоанис Метаксас (1936-1941): Политичката нестабилност што ја зафати земјата сериозно ја загрижила грчката политичка номенклатура, која спасот го гледала во воведување на авторитарен режим. Со благонаклоноста на кралскиот двор, генералот Јоанис Метаксас, чии диктаторски афинитети биле одамна познати, максимално го искористил историскиот момент. Патот кон воведување на лична диктатура бил олеснет и со исчезнувањето од политичката сцена на познатите грчки политички личности како Е. Венизелос и првиот министер, Д. К. Демерџис. За остварувањето на диктаторските намери на Ј. Метаксас загубата на овие две политички личности, особено смрта на Д. Демерџис, биле "божји дар". Политичкиот вакум, со одобрение на кралот, го пополнил стариот и амбициозен генерал Ј. Метаксас. На 4 август 1936 година, два дена пред сегрчкиот генерален штрајк, генерал Ј. Метаксас воведува диктатура. Тој го суспендирал Уставот, го распуштил Парламентот, ја забранил политичката активност на партиите и вовел строга цензура. Целокупната власт преминила во неговите раце и се прогласил за Архигос (Вожд).

"Третата грчка цивилизација" (по Античката и Византиската ), Ј. Метаксас ја почнува со забрана на делата на грчките великани (Софокле, Аристотел, Еврипид и Тукидит). Службата за национална безбедност на чело со К. Манијадакис почнала да спроведува една сурова политика на репресии против политичките неистомисленици и особено против комунистите. Речиси 50.000 лица биле испратени по грчките острови или затвори. Истовремено, со желба да ја индоктринира младината, Ј. Метаксас ја формирал "Национална организација на младите (ЕОН)", во која требало да членуваат задолжително сите млади.

Надворешната политика на владата Ј. Метаксас била прозападно ориентирана. По Минхенскиот договор (1938) и капитулацијата на Франција (мај-јуни 1940 г.), Ј. Метаксас водел една привидно неутрална политика, но реално се повеќе се доближувал до Велика Британија, која давала гаранции за грчкиот териоријален интегритет.

# МАЛЦИНСТВАТА ВО ГРЦИЈА - (1913-1939)

Македонското население: Со анектирањето на Егејска Македонија и Западна Тракија, Грција престанала да биде национално хомогена држава. Поголем дел од населението што живееше во егејскиот дел на Македонија по Балканските војни беше од негрчко потекло. Според јазикот што се зборуваше во куќата, т.е. во семејството, во тој дел на Македонија живееја 370.371 или 35,20% македонско население (главно со егзархиска црковна припадност), 274.052 или 25.05% Турци, 236.755 или 22,50% Грци, 68.206 или 6,49% Евреи, 44.414 или 4,22% Власи итн. Значи, од вкупно 1.052.227 жители 77,50% биле негрци и само 236.755 или 22,50% биле Грци по потекло и мајчин јазик.

По Букурешкиот мировен договор, Грција водела една политика за создавање на една држава, со една нација, еден јазик и една вера. Таа политка се спроведувала со протерувањето на домородното негрчко население и колонизирањето на инородно грчко и друго негрчко христијанско население. Етничкото чистење на македонското и друго инородно население почна со Балканските војни (1912-1913 г) и продолжи по Првата светска војна.

На 27 ноември 1919 година, со Нејскиот мировен договор, меѓу Грција и Бугарија беше потпишана конвенцијата за "доброволното иселување" на инородното население што живееше во двете држави. По силата на оваа конвенција речиси 86.571 македонско население било принудено да замине за Бугарија. Со Нејскиот мировен договор и со "доброволното" иселување на населението, Грција ја извршила Првата принудна миграција на македонското население.

Политиката на етничко чистење на македонското население продолжи и по Грчко-турската војна (1920-1922 г.). Со Лозанскиот мировен договор (1923 г.) се предвидуваше задолжителното иселување на христијаните од Турција и на муслиманите од Грција. Врз основа на овој договор, од Јужна Македонија се иселија уште 44.082 македонски-муслимани. Со Лозанскиот мировен договор Грција ја извршила Втората

принудна миграција на македонското население. По силата на Нејскиот и Лозанскиот мировен договор, речиси 127.374 лица или 34,39% биле принудени од Егејска Македонија да емигрираат во Бугарија или Турција. Во Јужна Македонија останаа уште 242.997 македонско население кое главно, како мнозинско население, живело во Костурско, Леринско и Воденско.

Паралелно со протерувањето на македонското население, грчката држава спроведуваше една политика на колонизација на Јужна Македонија, со грчко или друго негрчко христијанско население. Таа политика грчката држава ја реализираше преку т.н. внатрешна колонизација (со население дојдено од стара Грција) и т.н. надворешна колонизација (со колонизирање на различно грчко и негрчко христијанско население дојдено од ширум светот). Врз основа на грчката внатрешна колонизација во Јужна Македонија во периодот од 1913 до 1928 година беа колонизирани 53.056 Грци, а врз основа на надворешна колонизација беа колонизирани 565.143, различно грчко и негрчко христијанско население (Грци, Караманли, Ерменци и разни кавкаски народи). Во периодот од 1913 до 1928 година, врз основа на внатрешната и надворешната грчка колонизација, во Јужна Македонија биле колонизирани вкупно 618.199 лица, различни по своето потекло, јазик и културни традиции. Со сменувањето на етничкот состав на населението во Македонија, грчката држава извршила и топонимна деноминација. Сите градови, села, планина, езера добиле грчки топонимски карактер.

Промените на етничкиот состав на населението во Јужна Македонија имало етно-јазични, политички и економски последици. Најтешки биле етно-јазичните промени. Со сменувањето на етничката структура на населението во Јужна Македонија, македонското население го смени својот историски статус. Од мнозинско, македонското население доби статус на етничко малцинство во својата родна земја.

Грчкото население, исто така, го смени својот традиционален етнички статус. Од малцинство (22%), грчкото население доби статус на мнозинско население. Истовремено и македонскиот

народен јазик и грчкиот јазик го сменилe својот традиционален статус.Од langue usuelle (најупотребуван јазик), македонскиот народен јазик доби статус на langue de la minorité, т.е. јазик на малцинство.Грчкиот јазик, исто така, го менува својот традиционален јазично-историски статус.Од langue de la minorité (јазик на малцинство) или langue de famille (семеен јазик), грчкиот јазик, покрај официјалниот карактер, станува langue usuelle (најупотребуван јазик) за целокупното население што живее во Јужна Македонија.

Новите етно-јазични процеси во Јужна Македонија влијаеле и врз етничката номинација на новото население. Македонското население новодојденото грчко-христијанско колонизирано население го нарекуваше со едно единствено име маџири (чужденци) или со пежоративното име аути или куркутади. Грчкото колонизирано население го нарекуваше македонското население Вулгари, славофони или ендопи (домородци). Со текот на времето колонизираните Грци и негрци (Караманли, Ерменци, разни Кавкасци) од просвигес (бегалци) ќе се идентификуваат како “Елиномакедонес”(“Гркомакедонци”) и, на крајот, како “македонес” (“македонци”).

По големите етно-јазични промени што се случија во Јужна Македонија, во етничката историја на Македонија заврши славјанскиот период и почнува новиот грчко-маџирски период. Со тоа грчките политички граници се повеќе се совпаѓаа со грчките етнички граници.

Политика на денационализација: По Букурешкиот мировен договор, грчката држава почнала да спроведува една егзархиска етно-јазична деноминација на македонското население. На македонското население му се забранувало да изразува друга етничка припадност освем грчка и било принудено да ги смени своите славјански имиња и презимиња. Секое македонско презиме, наместо “ов” или “ев”, требаше да завршува на “ис”, “ос” или “пулос”.

По 1913 година се прогонувала и славјанската писменост. Славјанската писменост била отстранета од црквите, спонениците и гробовите. Сите цркви биле педантно

прегледани и крстени со грчки имиња, славјанското писмо и сите црковно славјански натписи беа отстранети, а пронајдените црковни или лаични славјански книги, беа уништени. Се рушеа гробовите на илинденските војводи и комити.

Особено суров беше нападот врз македонскиот народен јазик. Македонскиот народен јазик беше забранет и прогонуван. Најсуровиот напад врз македонскиот народен јазик го реализира диктаторот Јоанис Метаксас (1936). Тој го забрани употребувањето на македонскиот народен јазик не само во секојдневниот живот во селото, во обичната човекова комуникација, на пазарот, свадбени или погребни ритуали, туку и во рамките на семејството. Истовремено македонското население, без оглед на длабоката старост, било принудено да ги посетуваа т.н. грчки вечерни училишта и да го учи грчкиот јазик. Прекршувањето на оваа забрана повлекуваше тешки и сурови казни (плаќање на т.н. јазичен данок, кубење на мустаќи, триење на јазикот со лута пиперка, плукање во уста, пиење рицинус и физичко малтретирање). Поради кршењето на забраната за користењето на македонскиот народен јазик во јавниот живот или во рамките на семејството, речиси 4.500 Македонци биле осудени и пратени по грчките острови.

Притисокот што го вршеше Друштвото на народите ја принудија грчката влада во периодот меѓу двете светски војни да презема формални мерки да ја убеди Европа дека Грција ги почитува одредбите за заштита на правата на малцинствата што произлегуваа од Парисксите мировни договори. Така, во 1925 година во Грција беше пачатен буквар наречен “Абецедар”. Букварот беше печатен со латинска азбука на македонски народен јазик (леринско-битолски дијалект). Букварот, веднаш по неговото публикување, бил уништен и никогаш не стигна во рацете на тие за коишто беше наменет.

Политика на асимилација: Во периодот меѓу двете светски војни, грчката држава спроведуваше една политика на асимилација на македонското население. Целокупната политичка надградба (просвета, црква, војска) била ставена во служба на ова политика. Грчкото училише беше местото каде

Македонците за прв пат се сретнуваа со грчкиот јазик. За побрзото изучување на грчкиот јазик во просветата, редовно се предаваа два часа (грчки јазик и грчка историја), а сите други предмети се учеа со песни и играње. Во наставничкиот процес особено се величеше грчкото "славно минато". Секое дете требаше да знае и требаше да се гордее дека е Грк, да знае за славните битки на нивните предци во Маратон, Термопиле, за "јуначката и славна борба на Андарите" на чело со Павлос Мелас и Германос Каравангелис, за "злосторничката активност на комитациите" на чело со Лазо Поп Трајков, Пандо Кљашев, Васил Чакаларов, Митре Панџаров и др. Терор врз македонското население за користење на грчкиот јазик секогаш и сегде, вршела грчката националистичка организација "Грчко-македонска тупаница". Поради тешкото национално угнетување, македонското население ги сметало Турците за подобри од Грците. "Турци, на кого не оставивте", "Турците немале вера, но имале исав. Грците немаат ниту вера, ниту исав", "На кол вода пиевме", велеше народот.

Македонското население даде силен отпор на грчката политика на денационализација и асимилација. Семејство одигра голема улога во тој однос. Во македонскиот семејство се негуваше и пренесуваше македонскиот народен јазик, историските и народните културни традиции. Во рамките на семејството, македонскиот народен јазик беше присутен преку секојдневната комуникација. Тоа придонесе македонскиот народен јазик да го зачува статусот на мајчин (примарен) јазик. Македонското население го учеше мајчиниот јазик од најрани години и се изразуваше природно на мајчиниот јазик, а грчкиот јазик го учеа покасно и за македонското население грчкиот јазик имаше статус на странски (секундарен) јазик.

Македонското семејство ја негуваше и пренесуваше традиционалната историска и културна традиција. Во рамките на семејството новите македонски генерации слушаа за Илинден, за војводите и комитите, за злосторничката дејност на грчките андартски чети на чело со П. Мелас и Г. Каравангелис. Семејството се претвори во училиште и ноќе рушеше тоа што преку ден го градеше грчката просвета.

Турското население: По Првата светска војна, во Јужна Македонија и Западна Тракија живееја речиси 460.000 Турци (310.000 во Јужна Македонија и 150.000 во Западна Тракија). Врз основа на Лозанскиот мировен договор 310.000 Турци од Егејска Македонија биле принудени да заминат за Турција. Исклучок од задожителното иселување биле Турците што живееле во Западна Тракија (Родопите, Ксанти и Марица) и Грците што живееле во Истанбул. Турците во Грција, по силата на Лозанскиот мировен договор, добиле статус на муслиманско малцинство.

Турското малцинство во Грција уживало и неслобода во слобода. По задолжителната размена на населените меѓу Грција и Турција и колонизирањето на 100.000 христијанско грчко население во Западна Тракија, притисокот врз турското и другото муслиманско население беше секојдневно. Новите колонисти, со дискретната помош на властите, почнаа да ги узурпираат турските имоти за да ги принудат Турците на "доброволно" иселување. Со Законот за управување на вакафите на муслиманите во Турција се прецизираше дека вакавската земја му припаѓа исклучиво на муслиманите. Со тоа привидно се штитеа интересите на турското малцинство, но со суштина имаше и антитурски карактер. Со овој закон не се дозволуваше никакво земјино проширување и со тоа се спречуваше и нивното етничко проширување. Антитурската политика на грчката држава се изрази и во периодот на Метаксасовата диктатура. Со законот бр. 1366 се забранувало продажба на земја на припадниците на турското население.

Еврејското население: Во периодот пред Балканските војни, во Македонија живееја речиси 80.000 Евреи или 3% од целокупното население. По поделбата на Македонија, 68% од еврејското население живееше во Јужна Македонија, а 7.200 живееја во Вардарска Македонија. Евреите во Јужна Македонија главно живееја во Солун каде се својата економска активност, сериозно придонесуваа за економскиот и културниот развиток на градот. Во периодот на турското владеење, еврејското население не беше вознемирено и нормално се развиваше на етнички, економски или културен план.

Со доаѓањето на грчките власти, љубоморни на богатството и способноста на еврејското население, почнуваат и првите притисоци врз Евреите. По Првата светска војна, грчките власти често го навредувале еврејското човеково и национално достоинство. Веднаш по 1918 година сите Евреи од 15 до 50 години биле принудени од грчките власти да ги чистат улиците на градовите и да ги отстрануваат мртвите од градските улици. Тие што одбегнувале да ги исполнат овие обврски беа принудени на уште потешки ангарии и им се земале и боновите за леб.

Истовремено еврејското население било вознемирено и ставено под силен психолошки притисок. И за најмал престап, најчесто измислен од страна на грчките власти, еврејските трговци биле казнувани со високи парични казни, се кршеше "случајно" излогот на некој еврејски дуќан или "случајно" ќе се запалеше некој еврејски дуќан. Притисоците врз Евреите земаа се поотворени насилнички форми. Во Солун група младинци организирани во т.н. "црни банди", ги напаѓале и физички ги малтретираа Евреите по солунските улици.

Оваа политика на грчките власти сериозно го вознемири еврејското население. Претставниците на еврејското население барале меѓународна заштита. Во текот на Париските мировни договори една тричлена делегација заминала во Париз и барала протекција и заштита од страна на големите сили. Поради силниот грчки притисок, Евреите биле принудени да емигрираат во Италија, Швајцарија и Франција. Во периодот меѓу двете светски војни еврејското население самостојно си организирало самостоен просветен, културен и верски живот (училишта и синагоги).

Влашкото население: Влашкото население што живееше во Македонија не беше многубројно. Пред Балканските војни во Македонија живееја 80.767 или 3,58% од целокупното население. По поделбата на Македонија (1913), во Јужна Македонија живееја 44.114 Власи или 6,11% од целокупното влашко население. Власите во Македонија не беа етнички хомогени и не изразуваа една единствена влашка етничка свест. Тие изразуваа или грчка (т.н. "грковласи") или романска (т.н.

“романовласи”) етничка свест. Грчката влада имаше различен однос кон Власите. Таа ги поддржуваше “грковласите” и ги прогонуваше “романовласите”.

Во периодот меѓу двете светски војни, под силен грчки притисок, “романовласите” беа принудени да емигрираат во Романија и беа колонизирани во Јужна Добруџа, бугарска етничка територија анектирана од Романија по Втората Балканска војна. Првите влашки семејства од Јужна Македонија Бер (Верија), Воден (Едеса), Меглен (Моглена) и Катерини пристигнаа во Романија во октомври 1925 година со коработ “Јаши”. Во периодот од 1925 до 1937 година во Јужна Добруџа (Калијакра и Дуростор) биле колонизирани 6.000 влашки семејства кои потекнувале од Македонија (Егејска и Вардарска). Со договорот од Крајова (7 септември 1940 година) се предвидувало задолжително иселување на Бугарите од Северна Добруџа (67.000) и колонизраните Романци и Власи од Јужна Добруџа (83.000). Македонските Власи биле колонизирани во Северна Добруџа.

Влашкото колонизирано население во Романија не се претставуваше со своето вистинско етничко име. Власите од страна на романските власти биле именувани со политичкиот етноним “macedoromâni” (“македороманци”), а самите тие, пред обичниот романски човек, се претставуваа и се нарекуваа “Макидон” (“Македонци”). Само помеѓу себе македонските Власи го употребувале своето вистинско етничко име Арм’ни, т.е. Власи.

Бугаромахомедани (Помаци), Албанци и Роми: Второ најбројно население со муслиманска верска припадност се Помаците (35.000). Бугаромахомеданите главно живеат во Западна Тракија, во реоните на Ксанти, Родопите и во села покрај Марица. Тие се муслимани по верска припадност, но Бугари по етничко потекло. Јазикот кој го зборуваат во куќата, т.е. семејството, е бугарски. Грчката држава го почитува верските слободи на Помаците гарантирани со Лозанскиот мировен договор, но не им го признава нивното бугарско етничко потекло. Албанците во Епир (регионот Чамерија), биле

подложени од страна на грчката држава на една политика на денационализација и асимилација.

КПГ и македонското прашање (1924-1940): Комунистичката партија на Грција (КПГ), за разлика од другите грчки граѓански партии, имала различен став во однос на македонското прашање. Но нејзиниот став не бил самостоен и автономен. КПГ, по решенијата на Коминтерната, само ја спроведувала политиката на Коминтерната во однос на македонското прашање, а Коминтерната, како “филијала” на советското Министерство за надворешни работи, националната политика ја спроведувала во зависност со државните интереси на СССР.

Советскиот сојуз не бил гарант на Париските мировни договори. Во однос на Версајскиот политички status quo во политиката на СССР се забележуваат четири периоди: антиверсајски период (1919-1935), проверсајскиот (1935 – август 1939), антиверсајски (август 1939 – 22 јуни 1941) и антифашстички период (22 јуни 1941 – 1945).

Во антиверсајскиот период СССР се стремеше да го руши европскиот версајски status quo создаден со Париските мировни договори. Коминтерната, преку користењето на националното прашање, ја спроведувала ова политика и барала разбивање на Версајските наследнички држави (Чехословакија, Југославија), Романија и Грција. Во антиверсајскиот и проверсајскиот период во политичката на Коминтерната во однос на македонското прашање се забележуваат два периоди: а) периодот на “Обединета и независна Македонија (1924 – 1935)”, т.е. периодот “Државност без националност” и б) периодот “ националност без државност”, т.е. периодот на почитување на малцинските права во рамките на грчката држава (по 1935 година).

Во периодот “Државност без националност” на македонското население му се признаваше државност, но не и националност, т.е. периодот кога не се признавало постоење на македонски етнос. Во периодот “Државност без националност”, КПГ, како и Коминтерната, сметале дека во Македонија живееле шаренило на народи (главно Бугари, Грци, Евреи, Власи итн.) и името на

ниту една народност не се рефлектирало во името на територијата (Македонија) и името на територијата (Македонија) не се рефлектирало со името на ниту една народност во Македонија.

Политиката на Коминтерната за "Обединета и независна Македонија" КПГ ја прифатила на Третиот вонреден конгрес на партијата што се одржал во Атина во 1924 година. Прифаќањето на политиката за "Обединета и независна Македонија" во редовите на КПГ предизвика долги и жестоки расправи. Во текот на дискусиите во однос на ставот на КПГ кон македонското прашање се појавиле две јасни тенденции: се формирало едно т.н. "малцинство" на чело Јанис Кордатос и Томас Апостолидис кои биле против политиката за "Обединета и независна Македонија" и едно т.н. "мнозинство" на чело со Пантелис Пуљопулос кои биле за прифаќање на политиката на Коминтерната во однос на македонското прашање.

Претставниците на малцинството сметало дека политиката за "Обединета и независна Македонија", по големите етнички промени што се случиле во грчка Македонија, е вон просторот и времето. Таа политика, пишувал претставникот на т.н. малцинство Ј. Кордатос во органот на КПГ в. "Ризоспастис" (Радикал), е нереална зашто мнозинството од населението во грчка Македонија во мнозинство е грчко. Таканареченото малцинството го предупредувало "мнозинството" дека со прифаќањето на политиката на Коминтерната за македонското прашање, партијата ќе се претвори во партија на малцинствата и ќе ја "вооружи грчката буржуазија" со едно опасно оружје за клеветење и напаѓање на КПГ.

"Мнозинството" ја бранело политиката на Коминтерната во однос на македонското прашање од класни позиции и сметало дека таа политика е исправна и револуционерна. Кога на Третиот вонреден конгрес на КПГ се ставило на гласање за прифаќање или не на политиката на Коминтерната во однос на македонското прашање, 17 гласале за прифаќање на политиката на Коминтерната и 2 биле против. Но победата на "мнозинството" на чело со П. Пуљопулос била Пирова победа. Кратко време по Третиот вонреден конгрес на КПГ, 8 членови

што гласале за прифаќање на политиката на Коминтерната во однос на македонското прашање си ја повлекле поддршката. Во суштина т.н. “мнозинство” од 1924 година било реално малцинство и т.н. малцинство било реално мнозинство. Грчката “буржуазија” реагирала по прифаќањето од страна на КПГ на политиката за “Обединета и независна Македонија”. Во 1925 година диктаторот Т. Пангалос ги организирал познатите антикомунистички процеси во Атина. Во јули 1929 година Е. Венизелос, со законот бр. 4.229 познат како Идионимо, забранил секаква комунистичка активност во земјата.

Политичките судири што се изразиле во редовите на КП на СССР меѓу Лав Троцки од една страна и Ј. В. Сталин од друга, предизвикало идеолошки расцеп и во редовите на КПГ. Идеолошките судири во редовите на КПГ се заостриле со појавата на новото “малцисхтво” на чело со П. Пуљопулос (троцкисти) и мнозинството на чело со Георгиос Сјантос и Никос Захаријадис (сталинисти). Идолошките судири во редовите на КПГ се комплицирале уште повеќе и со појавата на т.н. “Центар” на чело со С. Максимос, К. Склавос и Т. Хајноглу, кои гледале со поголема симпатија спрема малцинството на П. Пуљопулос. На 1 ноември 1927 година преставниците на “Центарот” и претставниците на “малцинството” (Пуљопулос, Јатопулос, Николино и др.) ја создале т.н. “Обединета опозиција” и, преку списанието “Спартакус”, ќе ја продолжат политичката борба против сталинистичкото мнозинство што, со помош на Коминтерната, го добило, раководството на партијата. Формирањето на организацијата на грчките комунисти-интернационалисти (ОКДЕ, покасно ЕОКДЕ) ќе се претвори во Комунистичка партија на Грција-интернационалисти, секција на Четвртата интернационала. Поради својата политичка активност, П. Пуљопулос, поранешен генерален секретар на КПГ, бил отстранет од партијата како “ликвидаторист”. Раководството на КПГ, со помош на Коминтерната, го презел ортодоксниот сталинист Никос Захаријадис, маџирин од Мала Азија.

Во периодот од 1931 до 1935 година, Коминтерната, како и КПГ, постепено ќе ја отфрли политиката за “Обединета и независна Македонија” (“Државност без националност”) и ќе ја

спроведува политиката “Националност без државност”, т.е. политика за полна рамноправност на малцинствата во рамките на грчката држава. Со политиката “националност без државност” КПГ ја отфрлила политиката на шаренило на народи и признала постоење на посебен македонски етнос. КПГ констатирала дека Македонците не се ниту Грци, ниту Срби ниту Бугари, а македонскиот јазик е посебен славјански јазик. Весникот “Ризоспастис” во периодот од 1932 до 1935 година, под рубриката “Со Македонците во Македонија”, публикувал написи за тешката политичката и економска ситуација на македонското население.

На 6-тиот Конгрес на КПГ од декември 1935 година, КПГ официјално ја прифатила политиката за полна рамноправност на малцинствата во Грција. По прифаќањето на новата политичка ориентација по однос на македонското прашање, делегација на КПГ на чело со Василис Нефелудис заминала во Москва за да ги убедат претставниците на Коминтерната за спроведливоста на новата ориентација на КПГ во однос на македонското прашање. Претставниците на Коминтерната Г. Димитров, Д. Маноилски, П. Тољати, К. Готфалд, ги прифатиле аргументите на претставниците на КПГ и решенијата на 6-тиот конгрес на партијата по однос на македонското прашање. КПГ, по 1935 година, наместо етнонимот Македонци, се почесто ќе го користи етнонимот “Славјаномакедонци”.

# ГРЦИЈА ВО ПЕРИОДОТ НА ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА - (1940-1945)

Грчко-италијанската и грчко-германската војна (1940-1941): Политичките и воените успеси на Германија (1938-1940) ја охрабриле Италија да води една повоинствена политика на Балканот. По окупацијата на Албанија (7 април 1939), Италија изразувала се поагресивна политика во однос на Грција. На 28 октомври 1940 година италијанскиот амбасадор во Грција, Грацијани, и врачил ултимативна нота на грчката влада. На барањата на италијанската влада Грција да и отстапи на Италија бази до крајот на војната, грчката влада одговори со “Охи” (“Не”).

Владата на Ј. Метаксас ја добила безусловната поддршка на сите политички партии од левицата до десницата. КПГ, преку нејзиниот генерален секретар Никос Захаријадис, го повикала грчкиот народ “секој терен, секоја колиба, секој град и куќа да се претвори во бедем” зашто војната што ја води владата на Ј. Метаксас за Грција значи борба “за слобода, чест и национална независност”.

По првите италијански воени успеси, грчката војска преминала во контраофанзива и напредувала во Јужна Албанија (Корица, Саранда и Аргирокастро). Грчко-италијанската војна, како и државниот удар на Душан Симовиќ во Југославија, ја вознемириле сериозно нацистичка Германија, која решила балканскиот проблем да го реши со воени средства. На 6 април 1941 година германскиот амбасадор во Атина, принцот Ехрбарх, и врачил на грчката влада нота за објавување на војна. Германските воени сили ја нападнале Грција и ја принудиле на брза капитулација. На 23 април 1941 година генералите Г. Чалакоглу, Е. Бахос и П. Деместихас, ја потпишале капитулацијата на Грција. Кралот, владата и дел од војската, заминале на островот Крит и, по неговата окупација од страна на германските сили, заминале за Египет (Каиро).

По капитулацијата, Грција е поделена на три зони: италијанска, германска и бугарска. Најголем дел од грчката територија паднала под италијанска окупација (Пелопонез, Стереа Елада

без Атина, Тесалија, Епир и Кикладите). Германската зона ја опфаќаше централна Егејска Македонија под управата на квислиншката влада на Г. Чакалоглу, островите Крит, Лезбос, Хиос и дел од Западна Тракија. Бугарија анектирала дел од источна Егејска Македонија и Западна Тракија, територии изгубени со Букурешкиот и Нејскиот мировен договор.

Антифашистичкиот отпор: Аннтифашистичкиот отпор во Грција почнал со една симболика. Младите Манолис Глезос и Лакис Сантас го симнале германското знаме од Акропол и го кренале грчкото. Во 1941 година, на иницијатива на левицата (КПГ), се формира ЕАМ (Грчки ослободителен фронт) и ЕЛАС (Грчка народноослободителна војска) на чело со Ген. С. Сарафис, воен командант и Арис Велихјотис, политички комесар. Подоцна, на политичка иницијатива на Н. Пластирас, грчки офицери на чело со Наполеон Зервас го формирале ЕДЕС (Грчка демократска и национална лига), а на иницијатива на Г. Карталис, се формира ЕККА (Грчки комитет за национално и социјално ослободување) на чело со полковникот Псарос. Идеолошки разединети (едни за еволуција без револуција, а други за еволуција со револуција) и национално обединети врз основа на грчките национални интереси (суверенитет и национален интегритет на грчката држава), грчките сили на отпорот имале услови за соработка (врз основа на националното) и за судири врз основа на класното. За тоа во овој период имало заеднички отпор против силите на Оската и меѓусебна пресметка на силите на отпорот. Во септември 1941 година почнало Драмското востание на грчкото население против бугарските власти, кои се стремеле протераното македонско население од страна на маџирите во периодот меѓу двете светски војни да го вратат на нивните родни огништа. Во 1942 година англиски диверзанти, заедно со борци ЕЛАС и ЕДЕС, го минирале мостот во Ѓорѓопатамос со цел да се отежни снабдувањето на германските војски од Блискиот Исток.

Но колку повеќе се доближувало ослободувањео на Грција и се реализирала грчката национална програма (ослободувањето на Грција), толку повеќе класното добивало примат и граѓанската војна станувала неизбежна. По капитулацијата на Италија и

формирањето на владата на Бодоглио (1943), судирите меѓу ЕЛАС-ЕДЕС и ЕЛАС-ЕККА станувале се почести и земале белег на вистинска граѓанска војна. Силите на ЕЛАС ги нападнале и поразиле единиците на ЕККА, а заробените, заедно со полковникот Псарос, биле ликвидирани. ЕЛАС стана главниот носител на антифашистичкиот отпор во Грција. ЕЛАС располагал со 65.000 војници, силно мотивирани герилци. На 10 март 1944 година во Вињани грчката антифашистичка левица ја формирала ПЕЕА (Политички комитет за национално ословодување), што претставувала влада во сенка, влада која сериозно ја вознемирувала Велика Британија и грчката бегалска влада.

Антифашистичкиот примат на ЕАМ-ЕЛАС, како и присуството на македонски и влашки вооружени формации, серизно ја вознемири Велика Британија дека, по ослободувањето на земјата, власта ќе ја преземе грчката левица. Затоа Велика Британија почнала да споведува една политика за одземање на приматот на ЕАМ-ЕЛАС како главни носители на антифашистичката борба во Грција и се залагала грчката левица да ја стави по секоја цена под нејзина контрола.

По договорот од Јалта (90% Грција падна под англиско влијание) почнал процесот на еволутивната капитулација на ЕАМ-ЕЛАС со договорите во Либан (20.6.1944), Казерта (26.9.1944) и Варкиза (12.2.1945). Со Либанскиот договор се предвидувало формирање на Влада на национално единство, создавање на национална армија која ќе биде потчинета на наредбите на Владата за национално единство, да се реши во "полна слобода" формата на државното уредување по ослободувањето. Сите страни биле едногласни за "полното задоволување на националните права" и за создавање на "една нова слободна и голема Грција".

Со договорот од Казерта, Велика Британија прави чекор напред во решавањето на грчката криза. Со овој договор се предвидувало дека "сите герилски групи се стават по наредбите на Владата за национално единство, грчката влада за национално единство сите герилски групи ги става под команда на генерал Скоби и секој обид за преземање на власта од некоја

герилска група ќе се смета за злосторнички акт и соодветно ќе се казнува”. На 18 октомври 1944 година, по повлекувањето на германските сили од Грција, Владата на национално единство на Г. Папандреу, заедно со англиските сили на генерал Скоби, пристигнуваат во Атина. Пред владата на Г. Папандреу постоеле тешки економски и политички прашања за решавање. Владата затекнала тешка економска ситуација во земјата. Бил уништен друмскиот, железничкиот и морскиот сообраќај. Поради тешките услови за живот во текот на окупацијата, речиси 400.000 лица биле убиени или умреле од глад.

# МАЛЦИНСТВАТА ВО ГРЦИЈА ВО ПЕРИОДОТ НА ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА - (1940-1945)

Македонското население: Во Грчко-италијанската војна македонското население не било заинтересирано да се бори за интегритетот на една држава што сурово ги угнетувала. “За кого ќе се биете? За тие што јазикот ни го сечат”, им велеа жените на мажите што биле мобилизирани и испратени на грчко-италијанскиот фронт.

Капитулацијата на Грција македонското население ја примило со олеснување. “Робот не прашува кој го ослободува”, велеше македонското население што потпаднало под италијанска окупација. Во периодот на италијанската управа, поради ред фактори, домородното население слободно ја изразувало својата етничка припадност, слободно го користеле мајчиниот јазик, си ги вратиле старите имиња и презимиња (ов, ев) и слободно, на старословенски јазик, ги извршувале своите црковни обреди и ритуали.

Во текот на војната македонското население не било етнички обединето. Во овој период во редовите на македонското население се изрази првиот етно-идеолошки расцеп. Од една страна се изразило бугарското (Комитско) движење во Костурско, Леринско и Воденско и од друга страна македонското етничко движење: “Славјанонароден ослободителен фронт” (СНОФ). Комитското движење ги штитело егзархиските етно-јазични традиции, а СНОФ го ширело меѓу македонското население, етно-македонизмот.

Комитското движење се формирало на 3 март 1943 година во гр. Костур на чело со Пандо Макриев, Лука Диманов, Паскал Калиманов, Кољо Шеставаров (Бај Кољо), а во Воденско Георги Димчев ја формирал Охраната со 5000 вооружени комити. Улога за развитокот на комитското движење во Егејска Македонија одиграл и Андон Калчев, а Бугарскиот клуб во Солун (формиран 1941 г.) пружел материјална помош на поранешното македонско егзархиско население Комитското движење имало антигрчки и антикомунистички карактер. Комитите војувале против грчките националистички сили на

десницата и левицата (ЕАМ-ЕЛАС) и против македонската етничка комунистичка левица (СНОФ).

По совет на КПЈ и со одобрение на КПГ, во октомври 1943 г. се формирал СНОФ кој се борел за интегритетот на грчката држава, за добивање на малцински права во рамките на Грција и водел борба против комитското движење. Во текот на Втората светска војна, СНОФ својата етно-идеолошка политика (македонизам + комунизам), ја спроведувал со помошта на КПГ.

Судирите меѓу двете различни етно-политички тенденции во редовите на македонското движење добивале белег на граѓанска војна. Меѓу двете македонски различни етнички движења се воделе чести воени судири. Грчката левица (ЕЛАС) и македонската етничка комунистичка левица (СНОФ), како и грчките десничарски националистички сили, ги напаѓале македонските села што го подржувале комитското движење. Селото Старичани (Пакомата) беше целосно уништено од страна на единиците на ЕЛАС. Истовремено и вооружените сили на грчката десница ги напаѓале македонските села. Во април 1944 година грчки колаборанистички сили целосно го уништиле селото Катраница (Пирги) и биле убиени 640 жени и деца. Во мај 1944 г. во с. Бапчор – Бапцори, Костурско, биле свирепо убиени 31 комита на чело со војводата Коста Качунов од страна на ЕЛАС и македонски еласити.

По повлекувањето на Германците, комитското движење било поразено. Дел од комитите заминале во Бугарија, дел во Југославија (едни биле убиени од југословенските комунистички власти, други вратени на грчките власти убиени или затворени), а дел ја продолжиле антигрчката борба во текот на Граѓанската војна во Грција. По поразот на комитското движење, СНОФ, по извршувањето на поставената задача од страна на КПГ, бил расформиран.

Во текот на Втората светска војна и Власите развиле свое етничко движење. По окупацијата на Грција, под покровителство на италијанските власти, Власите од Тесалија, Епир и делови од западна Егејска Македонија формирале т.н.

Пиндско кнежество со центар во Мецово на чело со Алкибиаде Дијаманди. По капитулацијата на Италија и по повлекувањето на Германците од Грција, Кнежеството било укинато од грчките сили на отпорот. Во текот на Втората светска војна и албанското население од Епир го изразило своето незадоволство и се спротиставило на грчкиот терор што го спроведувал грчката националистичка десница (ЕДЕС) на чело со Наполеон Зервас.

Трагична судбина во текот на Втората светска војна имало и еврејското население. Во периодот на Втората светска војна врз еврејското население се извршила една политика на етнички геноцид. По окупацијата на Грција сите Евреи над 5 години биле должни да ја носат Давидовата звезда, еврејските локали и куќи биле одбележано со натписите “еврејска куќа”, “еврејски дуќан”, им се ограничувало слободното движење и да посетуват јавни локали. Притисокот врз еврејското население кулминирал 1943 година кога солунските Евреи биле собрани во логорот “Барон Хирш” и 46.000 Евреи, со сестрана подршка на грчките квинслишки власти, биле депортирани во логорите на смрта (Биркенау и Берген-Белсен).

# ГРЦИЈА ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА

Граѓанската војна во Грција (1946-1949): По Втората светска војна во Грција се забележува една нова политичка поларизација. Ако во периодот од 1941 до 1944 година политичката поларизација се вршела врз основа на националните интереси (интегритетот и суверенитетот на грчката држава), по 1945 година политичката поларизација се реализирала врз основа на класните интереси (како државно уредување, каков полтички ситем итн.).

Новите основи на политичката поларизација придонесле рамнотежата на политичките сили во Грција чувствително да се промени. Од една страна слабееле левите сили (КПГ), а од друга, пак, се засилувале центро-десничарските сили. Тезата една држава, една нација, еден јазик, политички слободи, приватна сопственост, била поприувлечна за ситноимотната грчка нација отколку политичките тези за диктатура на пролетеријатот, национализација, колективизација, што биле основни политички постулати на комунистичката иидеологија.

По повлекувањето на гермаските сили од Грција, двете политички концепции стоеле “face en face”. Десницата, со силната поддршка на Велика Британија, постепено се засилуваше. На 18 октомври 1944 година Г. Папандреу пристигна во Атина, придружен од еден англиски воен одред. На 3 декември 1944 година ЕАМ организирал големи демонстрации во Атина на плоштатод Синтагма. Полицијата отворила оган, убувајќи 15 демостранти. Воените единици на ЕЛАС почнале да ги напаѓаат полициските станици и неколку дена се воделе тешки улични борби меѓу единиците на ЕЛАС и англиската војска.

По судирите познати во грчката историја како “та декемвријана” (декемвриските собитија), владата на Г. Папандреу поднела оставка и се формирала влада на чело со стариот либерал Пластирас. По декемвриските собитија почнале политички разговори во Варкиза за решавање на политичката криза во земјата. Со договорот од Варкиза (12.2.1945 г.) ЕЛАС се обезоружа, владата ветила амнестија и

организирање, “во полна слобода и чистота”, на референдум за формата на државното уредување (Монархија или Република). Владата на либералот Стемистокле Суфулис закажала избори за 31 март 1946 година. Десничарската коалиција собрана околу монархистичката Народна партија победила на изборите. Новоформираната влада на Динос Цалдарис организира референдум за формата на државното уредување. На сомнителниот референдум 68% од гласачите се изјасниле за воспоставување на монархијата во Грција. Закажаните парламентарни избори за 31 септември 1946 година КПГ ги бојкотирала е се определила за вооружена борба за решавање на грчката политичка криза.

Со нападот на политичката станица во селото Литохоро (март 1946 год.) започнала Граѓанската војна во Грција. Грчката влада во 1947 година, со законот 509, се забрани комунистичката дејност во Грција. Левицата ја создала “Демократската армија на Грција” (ДАГ, 30000 борци) на чело со Маркос Вафијадис, мацирин од Мала Азија. Истата година востаниците формирале и Привремена влада. Грчката влада, со сестрана економска и воена поддршка на Велика Британија и после и од САД, организирала добро вооружена армија од 100000 луѓе на чело со генерал Александрос Папагос. Тешки и крвави битки, набиени со голема идеолошка омраза, се воделе меѓу владините и силите на ДАГ во Грамос, Вичо, Лерин (Флорина) итн. Во август 1949 година, по силните напади на владината војска, единиците на ДАГ биле поразени и се повлекле во Албанија, Југославија (без оружје) и Бугарија. Поразот на ДАГ, покрај други фактори, се должи на недоразбирањата меѓу Маркос Вафијадис (герилско војување) и Н. Захарјадис (фронтално војување).

Едно од најважните проблеми на ДАГ во текот на Граѓанската војна во Грција било пополнување на резерниот состав на единиците на ДАГ. За решавањето на овој проблем и за привлекување на македонското население, Главниот штаб на ДАГ, со Статутарниот акт број 5, ги признал националните права на малцинствата во Грција, но без да ги именува за кој малцинства станува збор. На македонското население на Петиот пленум на КПГ од јануари 1949 година му го признало

правото на самоопределување. По овие решенија почнало присилното мобилизирање на македонското население (мажи, жени и деца). Деца од 12 до 15 години што заминале во Источно-европските земји, биле мобилизирани и, по кратка воена обука, биле пратени на фронт.

Последиците од грчката граѓанска војна биле големи. Разрушена економија, срамнети со земја населени места (особено македонските села), загинати голем број војници од двете страни, а 60000 лица, меѓу кои и 28000 деца, биле принудени да емигрираат во источноевропските земји (Бугарија, Романија, Чехословакија, Унгарија, Полска, СССР и само мал број грчки деца во Источна Германија). Македонските деца во источноевропските земји биле воспитани во духот на македонизмот и комунизмот, а во детските домови на кралицата Фредерики децата биле воспитани во духот на елинизмот и антикомунизмот.

По Граѓанската војна во Грција грчката десница суверено владееше со грчкиот политички живот. Во 1951 година се одржале парламентарните избори. Грчката десница, обединета околу "Братскиот собор" на чело со маршалот А. Папагос, добиле 49% од гласовите. Грчката левица, обединета околу "Обединетата демократска левица", станала главната политичка опозиција. На внатрешен план владата на А. Папагос не брзаше за целосното демократизирање на земјата. Законот 509 што забрануваше било каква комунистичка активност бил уште во сила. За осомничените граѓани за непријателска дејност, властите им создавале т.н. црни досиеја и во државните институции се вработувале само лојални граѓани. Во 1952 година, обвинет за нелегална активност, бил суден и убиен Никос Белојанис, еден од водните дејци на КПГ.

Економијата во земјата бавно се оправуваше и главно зависеше од финансиската поддршка што доаѓаше од западните земји, особено САД. Придонес во стабилноста на грчката економија имало и грчкото милионско население што живеело во САД, Австралија, Канада и, покасно, во Западна Германија.

На надворешен план владата на А. Папагос имала успеси и неуспеси. Во 1952 година Грција и Турција биле примени во НАТО. По Информбирото Грција, Турција и Југославија го формирале т.н. Балкански сојуз, но добрососедските односи меѓу Грција и Турција не траеле долго. Кипарското прашање повторно исплива на површина и претставувало сериозно јаболко на раздорот меѓу двете земји. Во Кипар генералот Јоргос Гривас ја организирал илегалната организација ЕОКА (Национална организација на кипарските борци). Целта на организацијата била Еносис (Обединување) на Кипар со Грција. На грчкото Еносис, турското малцинство одговараше со Таксим (Поделба). Тензиите од островот меѓу двете етнички заедници сериозно ги заладија грчко-турските односи. Во Истанбул се одржале масовни антигрчки демонстрации и грчкото население од градот масовно го напуштало Истанбул.

Во 1955 година умира маршалот А. Папагос и кралот, на изненадување на дел од грчката политичка елита, го инвестира Константин Караманлис за формирање на новата грчка влада. Новиот мандатор ја формирал партијата Национална радикална унија (ЕРЕ). На изборите од 1956 година, на кој за прв пат жените добиле прво на глас, победила ЕРЕ. На парламентарните избори од 1958 година повторно победува грчката десница, но грчката обединета левица станала најсилната опозициона партија. Во 1961 година Герогиос Папандреу, стар и искусен дипломат, ја формирал партијата Унијата на центарот. На изборите од 1961 година повторно победува партијата на К. Караманлис, но Унијата на центарот и обединетата левица ја обвинија владата за изборен фалсификат. Во 1962 година, во Солун, се извршил атентат врз Григорис Ламбракис, пратеник на ЕДА, што имало негативен одек во европската демократска јавност.

На надворешен план владата на К. Караманлис повторно се соочи со кипарското прашање. Во 1959 година во Цирих и Лондон Грција, Турција и Велика Британија решиле Кипар да биде независна држава без право на Еносис и Таксим. Грција, Турција и Велика Британија биле гаранти на независноста на Кипар. Грција, Турција и Велика Британија имале право да стационираат на островот нивни воени сили. Со овие договор

турското малцинство во островот добило широки права. Потпретседателот на републиката задолжително требало да биде Турчин, во кипарскиот парламент да има 30 турски пратеници, а во полицијата 40% да бидат Турци по потекло.

Договорите од Цирих и Лондон предизвикале незадоволство во Грција. Владата на К. Караманлис била обвинета за национално предавство. Во 1961 година се појавиле првите посериозни недоразбирања меѓу К. Караманлис и кралскиот двор (со кралот Павлос и кралицата Фредерики). Владата поднесува оставка и К. Караманлис заминува во доброволен егзил во странство. Се враќа во земјата во текот на парламентарните избори од 1963 година. На изборите победила Унијата на центарот, но без да обезбеди апсолутно мнозинство во парламентот. Со цел да ја искористи поволната ситуација, Г. Папандреу закажал нови избори за 1964 година. На овие избори Унијата на центарот добила 53% од гласачкото тело.

Новата влада ослободува дел од политичките затвореници, го наметнува народниот јазик (Димотики) во просветата и прави посериозни чекори за постабилна економија. Десницата била вознемирена и го обвинила министерот за економија Андреас Папандреу, синот на Г. Папандреу, дека е сивата еминенција на тајната воена организација “Аспида” (“Штит”). По поразот на изборите лидерот на ЕРЕ, К. Караманлис, заминува во странство (Франција).

На надворешен план, Г. Папандреу се соочил со кипарскиот проблем. Во 1963 година Претседателот на кипарската република, архиепископот Макариос, побарал ревизија на договорите од Цирих и Лондон. Кипарската влада незадоволна била од големите права што ги добило турското малцинство со договорите од Цирих и Лондон. Конфликтот меѓу двете кипарски етнички заедници кулминира со воени пресметки меѓу грчкото и турското малцинство. Грција и Турција повторно се најдоа на работ на војна. Само енергичната интервенција на САД ги смири двете воено настроени страни.

Политичкиот живот на Грција исто така бил нестабилен. Новиот крал Константин II, кој го наследил својот татко

Павлос, ги засили своите односи со воената елита. Тоа предивикало сериозно недоразбирање меѓу кралот и Г. Папандреу. Лидерот на унијата на центарот и Претседател на грчката влада Г. Папандреу закажал избори за месец, мај 1967 година. Грчката десница била вознемирена за повторната уште поубедлива победа на Унијата на центарот и особено била загрижена за политичките ставови на А. Папандреу.

"Револуцијата" од 21 април 1967 година: На 21 април 1967 година, пред неколку седмици пред ветуваните парламентарни избори, војската на чело со Г. Пападопулос, Н. Макарезос и С. Патакос, ја презеде власта. Веднаш по преземањето на власта од страна на полковниците тие почнале една репресивна политика против политичките неистомисленици. Многу видни грчки политичари, интелектуалци, музичари (М. Теодоракис) и уметници биле пратени по грчките острови или биле осудени на куќен притвор, меѓу кои бил и Г. Папандреу.

Но воената хунта, и покрај популистичката политика, останала изолирана. Грчката десница и центарот одбивале било каква политичка соработка со воената хунта. Во декември 1967 година, со одобрение на кралот, се прави обид за државен удар. По неуспешниот државен удар, кралот ја напуштил земјата и полковниците наименувале регенство. По заминувањето на кралот, Г. Пападопулос ја презеде целата власт во своите раце. Со новиот устав (1968), одобрен со плебисцит, хунтата се обиде да даде каков таков легитимитет на својата власт. Но отпорот против хунтата добивал масовен карактер. Незадоволството со владеењето на воената хунта особено ја изразила студентската младина. Студентите, под паролата "Долу хунтата", во ноември ја презедоа Политехничката академија на атинскиот универзитет. Војската брутално интервенираше, со жртви меѓу студентите. По неуспешниот кралевски бунт на грчката морнарица полковниците го детронирале кралот и Грција била прогласена Претседателска парламентарна република. Истовремено, незадоволен од владеењето на Г. Пападопулос, бригадниот генерал Димитриос Јоанидис, шефот на воената полиција, ја презел власта во свои раце.

Крвавите собитија од Политехничкиот факултет во Атина наидоа на внатрешна и надворешна осуда. Со желба да си го зголеми својот политички авторитет, Воената хунта предизвикала сериозна политичка криза со Турција. Во почетокот на јули 1974 година воената хунта организирала државен удар во Кипар, го отстранила кипарски претседател архиепископ Макариос и власта ја презема Никос Самсон, фанатичен приврзаник на обединување на Кипар со Грција. Турската влада државниот удар во Кипар го толкувала како сериозно прекршување на договорите од Цирих и Лондон со кој се гарантираше независноста на Република Кипар. Како една од гарантите на кипарската независност, на 24 јули 1974 година, Турција воено интервенирала во Северен Кипар за да се спречи обединувањето на Кипар со Грција. По тешки битки турската војска успеала да стави под своја контрола 36% од кипарската територија. Речиси 200.000 Грци од северниот дел на островот се упатиле кон јужниот дел, а турското малцинство од југот на островот се упатило кон север. Островот се подели на два етнички дела: турски на север и грчки на југ. Во Никозија, главниот град на Кипар, двете етнички заедници биле разделени от т.н. зелена линија, што е под контрола на сините шлемови на Обединетите нации.

Турската воена интервенција на островот ги заостри до крајности грчко-турските односи и двете земји биле на прагот на нова војна. Воена хунта, изолирана, била советувана од грчката воено-политичка елита да се повлече од власта. На 24 јули 1974 година, К. Караманлис, после 11 години поминати во доброволен егзил, се враќа во земјата и е пречекан како Месија, т.е. како спасител на нацијата и татковината. Тој е наименуван за Претседател на грчката влада. На парламентарните избори од ноември 1974 година, под мотото "Караманлис или тенковите", неговата новоформирана партија Нова демократија победила на изборите. Нова демократија добила 54% од гласовите (219 пратеници од вкупно 300), Унија на центарот 21%, а новоформираната партија ПАСОК (Сегрчко социјалистичко движење) на чело со Андреас Папандреу добила 14% од гласовите.

Со добивањето на силен народен легитимитет, К. Караманлис го почнал процесот на дехунтинизација на грчкото општество (администрација, војската, просветата). Истовремено главните актери на "Револуцијата" од 21 април 1967 година бригадирниот генерал Јоанидис, Пападопулос, Патакос и Макарезос, биле судени и осудени на смрт. Нивната смртна казна брзо била преименувана на доживотна робија за Г. Пападопулос, С. Патакос, Н. Макарезос, а бригадирниот генерал Д. Јоанидис бил осуден на повеќегодишни робии.

Новата влада на К. Караманлис прави еден чекор кон националното помирување. Се укинува Законот бр. 509 со кој се забрануваше дејноста на КПГ на Грција и партијата била легализирана. КПГ, според грчката политичка номенклатура, веќе не претставуваше опасност за стабилноста на земјата. По процесите на десталинизација во СССР, КПГ влезе во длабока политичка криза. Судирите меѓу сталинистите (т.н. "Захарјадики") и ревизионистите (т.н. "Хрушчовики") во СССР (гр. Ташкент) зедоа размери на вистинска војна. Физичките пресметки меѓу двете струи биле толку силовити, што советските државни органи биле принудени да интервенираат за воспоставувањето на редот и мирот во градот. Кризата во КПГ се продлабочи уште повеќе по окупацијата на Чехословакија (1968 г.). "Ревизионистите", по совет на КПЈ, ја формирале КПГ (Внатрешна). Изборите од 1977 година не донесоа сериозни промени во политичката рамнотежа на грчките партии. Нова демократија, со мотото "Грција припаѓа на западот", доби 42% од гласовите, ПАСОК со мотото " Грција им припаѓа на Грците" на чело со Андреас Папандреу доби 25% КПГ 9% и КПГ (Внатрешна) 3% од гласачите. Друг сериозен проблем со кој се соочила владата на Нова демократија бил како да се уреди државното уредување: монархија или република. Во декември 1984 година во Грција се организирал референдум за формата на државното уредување. За републиканско државно уредување гласале 70%, а за монархијата 30% од гласачкото тело.

По анектирањето на Северен Кипар и прокламирањето на Турска Северна Република Кипар, односите на Грција со Турција крајно се заостриja. Тие односи биле уште

покомплицирани со недоразбирањата меѓу Грција и Турција околу разграничувањето на континенталната плоча, навестувањето на Грција дека ќе ги прошири територијалните води од 6 на 12 милји што за Турција би претставувало casus belli, проблемите околу воздушниот простор меѓу двете држави, секогаш предизвикувало циклични кризи меѓу традиционално непријателските држави. Најголем успех на владата на К. Караманлис бил потпиишувањето на договорот за присоединувањето на Грција за полноправно членство за ЕУ (1 јануари 1981) и, покасно, Грција го прифатила еврото за своја валута (2001 год).

Со изборот на К. Караманлис за Претседател на грчката република и изборот на Георгос Ралис за лидер на Нова демократија навестувале дека без присуство на харизматична личност, Нова демократија го изгуби политичкото влијание во земјата. Тоа го потврдиле парламентарните избори од октомври 1981 година. Со мотото "Промена" ПАСОК на чело со А. Папандреу ветувала организирање референдум за членството на Грција во ЕУ, повлекувањето од НАТО, затворањето на американските бази во земјата и еколошка ориентација. На изборите ПАСОК, благодарение на својата национал-популистичка политика, доби 48% од гласовите, Нова демократија 36% а КПГ 11%. Владата на ПАСОК на чело со А. Папандреу води една политика на национално помирување. Се признал антифашистичкиот отпор на ЕАМ –ЕЛАС од периодот на Втората светска војна, дозволил враќање во земјата на сите грчки политички бегалци од источноевропските земји ("Грци по род"), се воведува граѓанскиот брак и неверството веќе не било сметано за кривично дело. Политичката позиција на ПАСОК се засилува по изборот на Христос Царsетакис за Претседател на грчката република, а позицијата на Нова демократија на чело со новиот лидер Мицотакис слабее и поради внатрешните политички борби во редовите на Нова демократија. Изборите од 1985 година повторно ја потврдиле изборната победа на ПАСОК (46% ПАСОК, 41% Нова демократија). Но земјата се повеќе се доближуваше до сериозна економска криза.

Владата на ПАСОК презела чекори за одобрување на економската ситуација, но без да постигне посериозни резултати. Лидерот на Пасок, А. Папандреу, се соочил и со лични проблеми. Се развел од неговата американска сопруга и се ожени со младата стјуардеса Љани, народно наречена Мими.

Лидерот на ПАСОК не ги исполнил предизборните ветувања за излез од ЕУ, да се повлече од НАТО и не ги затвори ниту четирите американски бази што постоеле во земјата. Односите со Турција се заостриjа уште повеќе по прокламирањето на Турската република Северен Кипар и обидите на Турција за истражување на нафта во спорните води на Егејот. Турција истовремено изразуваше голема загриженост за положбата на турското малцинство што живееше во Западна Тракија. Наместо етнонимот Турци (како и самото турско население се наименува), грчките власти го користат исклучиво етнонимот "муслимани".

Тензиите меѓу двете земји се смирија во јануари 1988 година по средбата во Швајцарија на Г. Папандреу и Озал, Претседател на Турција. По "Договорот во Давос" двете страни се согласиле да воспостават топла телефонска линија. Грчко-турските односи одново се заостриле во периодот на владеењето на Костас Симитис, наследникот на А. Папандреу. Кризата, која повторно стигна до степен на војна, се појави со инцидентот околу островот Имија. И Грција и Турција го истакнувале своето државно знаме на островот ("Војна на знамињата"). По интервенцијата на САД страстите се смирија, но антитурските чуства во Грција и антигрчките во Турција се засилија.

Односите со Бугарија биле добри и меѓу двете држави не постојат нерешени прашања. Односите со Србија традиционално биле добри и Грција секогаш била просрпски наклонета (Косовското прашање), војната во Босна и Херцеговина. Односите со Албанија биле обременети. Граничните инциденти меѓу двете држави, проблемот на Албанците емигранти во Грција, апсењето на членовите на грчкото малцинство "Омонија", сериозно ги заладија грчко-албанските односи. По ослободувањето на челниците на Омонија, ширењето на правата на православната црква, грчко-

албанските односи влегоа во релативно помирни води и се прават обиди за решавање на уште постојните нерешени прашања (проблемот на Чамерите).

Односите со Република Македонија биле обременети особено со името на македонската држава. Грција и го оспоруваше правото на Р. Македонија во името на државата да постои поимот Македонија. Со непризнавањето на името на Република Македонија, Грција, всушност, ја оспоруваше Асномската етно-јазична спојка Македонија = Македонци и Македонци = Македонија и, по можност, да ја супституира со Македонија = Грци и Грци = Македонија. Со географска одредница пред името Македонија, Грција, подржана од ЕУ, се стреми името на македонската држава да не се рефлектира со името на ниту еден народ во Македонија и името на ниту еден народ од Македонија да не се рефлектира со името на државата (Швајцарски модел). За да постигне отстапки од страна на република Македонија, Грција воспоставува економска блокада. Се забрануваше увоз на сите видови стоки со исклучок на храна и лекови. Со посредство на САД (1995) се потпиша Привремената спогодба меѓу двете земји (меѓу страната А и страната Б). Со Привремената спогодба Р. Македонија се откажуваше од државното знаме со ѕвездата од Кутлеш (Вергина) и се обврзуваше дека нема никакви територијални претензии кон Грција. По потпишувањето на Привремената спогодба, Грција го подигна економското ембарго што и беше наметнато на Република Македонија.

На крајот на XX век Грција паднала во тешка економска криза. Големите долгови на грчката држава ја принудија ЕУ (особено Германија) да интервенираат во решавањето на грчката економска криза. Економската криза придонесе во слабеењето на грчката десница (Нова демократија во периодот на владеењето на Костас Караманлис и на Андонис Самарас) и грчката умерена левица (ПАСОК начело со Венизелос). Длабоката економска криза придонесе да се засили влијанеито на крајната левица (СИРИЗА) на чело со Алексис Ципрас и крајната десница “Хриси Авги” (“Златна зора”) на чело со Никос Михалолијакос. По убиството на познатиот грчки музичар Павлос Фисас, “Златна зора” почна да спроведува јавен

терор. Опасноста од крајната левица и крајната десница ги принудиле двете умерени партии од умерената десница (Нова демократија) и умерената левица (ПАСОК) да се зближат и заеднички да владеат, но економската криза била толку длабока и народното незадоволство толку големо, што на последните парламентарни избори од 2015 година победила крајната левица (СИРИЗА) и ја формирала, со малата десничарска партија "Независни Грци" на чело со Панос Каменос, првата левичарска влада во историјата на Грција на чело со А. Ципрас.

И покрај успешниот референдум за неприфаќање на условите наметнати од страна Тројката (ММФ, Светската банка и Европската банка), сепак владата на А. Ципрас ги прифатила условите за излез од кризата. Тоа предизвикало големо незадоволство во земјата. Незадоволството кулминарало во февруари 2016 г. со бунтот на грчките земјоделци (бунтот на крлушките) кој упорно барале да не се покачуваат даноците и да не се намалуваат пензиите. Новата влада на А. Ципрас се соочува со сериозни економски и политички проблеми. Длабоката економска криза не и гарантира на Грција стабилен политички живот.

# МАЛЦИНСТВАТА ВО ГРЦИЈА ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА

Македонското население: По договорот од Варкиза, македонското население, обвинето за "грчки судети", било подложено на една политика на бел терор, без оглед дали му припаѓале на македонското комитско или на македонското етничко движење. Теророт заземаше неподносливи размери и тоа го принуди македонското население на активен политички отпор. Во 1945 година, по иницијатива и со поткрепа на југословенските власти,се формирал Народноослободителниот фронт (НОФ) и се организирале и првите вооружени чети на ова организација.

По договорите меѓу Тито и Н. Захарјадис и спогодбата меѓу КПГ и НОФ (1946), НОФ беше потчинет на КПГ. Македонците учествувале во Грчката граѓанска војна. Од вкупно 30.000 војници на грчката републиканска армија (ДАГ), речиси 15.000 биле Македонци. По признавањето на националните права на македонското население со статутарниот акт на ДАГ бр. 5, во Егејска Македонија биле отворени 87 македонски училишта со 10.000 ученици, почнале со работа два курса за македонски народни учители (село Герман – Агиос Германос) и Желево – Антартикон) и се публикувале весници на македонски јазик ("Борец", "Победа", "Нова Македонка" и др.).

По решенијата на Петтиот пленум на КПГ од јануари 1949 година за признавање на правото на самоопределување на македонското население, грчката држава ја засилила нејзината политика на репресија против цивилното македонско население и особено против заробените војници на ДАГ. Сите војници на ДАГ (Македонци или Грци) што биле осудени и пред судот ја подржувале политиката на КПГ во однос на македонското прашање биле осудени на смрт. Незаборавени ќе останат злосторствата на грчките воени формации над цивилното население од селата Б'мбоки и Загоричани, Костурско. Од селото Б'мбоки биле свирепо убиени 9 лица (седум жени и двајца мажи), а од селото Загоричани биле убиени 16 лица (тринаесет жени и тројца мажи).

Поразот на ДАГ (август 1949 г.) имаше тешки етнички, политички и економски последици за македонското население. Речиси 30.000 Македонци, меѓу кој и 28.000 деца Македончиња и Грчиња, биле принудени да бараат спас во источно-европските. Со тоа грчкта држава ја спровела Третата принудна миграција на македонското население. Други 20.000 Македонци ги положиле своите животи во периодот на Граѓанската војна. Многу македонски села биле срамнети со земја, а цели региони во Костурско, Леринско и Воденско биле опустошени.

Граѓанската војна во Грција сериозно влијаеше врз статусот на македонскиот народ. По Третата принудна миграција, уште повеќе се зацврсти малцинскиот карактер на македонското население. Тоа сериозно влијаеше и врз јазичниот статус на македонскиот народен јазик. Македонскиот народен јазик од примарен (мајчин) јазик (периодот 1913-1950 г.), добил статус на странски (секундарен) јазик за дел од македонското население.

Истовремено и грчкиот јазик го сменува својот статус. Од странски (секундарен) јазик (периодот 1913-1950 г.) добил статус на примарен (семеен) јазик за дел од македонското население. Со влегувањето на грчкиот јазик во рамките на македонското семејство и пренесувањето преку него на грчката национална, политичка и културна традиција, почнува процесот на дефинитивно асимилирање на македонското население од ЈужнаМакедонија и негово постепено, но сигурно слевање во грчката нација.

По Грчката граѓанска војна, преостанатото македонско население (160.000) повторно било подложено на политика на денационализација и асимилација. Македонците беа принудени да даваат колективни заклетви дека ќе бидат лојални на грчката држава и дека во иднина ќе зборуваат само на грчки јазик, јазик на кој е пишувано и светото Евангелие на нашиот Христос. Во 1953 година грчката држава го донесе законот за колонизација на пограничниот појас со цел да се разбие етничката компактност во Костурско, Леринско и Воденско. Истата година беше донесен закон од кои се лишуваа од грчко

државјанство учесниците на “бандитската војна” и им се конфискуваше имотот.

Во 1982 година, во рамките на грчкото национално помирување, се донесе законот за враќање на политичките бегалци “Грци по род”. Македонците беа исклучени од овој закон и грчките дипломатски претставници во источно-европските земји биле високо национално будни и строго ја применувале таа одлука.

По 1990 година во Грција се забележуваат промени во однос на малцинската политика. По македонските села слободно се зборува на мајчиниот јазик, се формираа повеќе музички групи кои го негуваат македонскиот фолклор (“Македонски мерак” и други). Се организираат фестивали на македонскиот фолклор наречени панаири (с. Овчарани – Мелити), каде често се пеат македонските песни.

Македонското население формирало и свои организации (“Македонско движење за балкански просперитет”, “Виножито”). Овие организации ја продолжуваат етно-јазичната традиција на СНОФ и НОФ. Македонските организации почнаа да ги публикуваат и првите македонски списанија “Моглена”, “Зора”, “Нова Зора”, “Лоза”. Овие изданија се печатени билингвално (на македонски и грчки). Во 2006 година, во Солун, беше печатен “Абецедар”, а во 2008 година, пак во Солун, беше печатен “Современ грчко-македонски речник”. Во 2001 година, архимандритот Никодимос Царкњас, во Меглен, С’ботско (Аридеа), ја освети првата македонска црква “Св. Злата Мегленска” и се одржа првата богослужба на славјански јазик. Во 1995 година, во Лерин, “Виножито” отвори канцеларија со двојазичен натпис на грчки и македонски: “Виножито-Лерински комитет”.

Грчкиот национализам реагира на македонските етнички процеси. Во Грција се организираа судски процеси против лидерите на македонските организации, се бојкотира економската активност, се протерани од државните служби. Во 1995 година грчки националисти, предводени од Леринскиот градоначалник, ги нападнале канцелариите на “Виножито”, го

отстранија двојазичниот натпис “Комитетот на Виножито-Лерин”, го запалија мебелот и книгите. Основниот суд во Лерин (Флорина) одби да го регистрира “Домот на македонската култура” со образложение дека се исфабрикува непостоечка македонска нација и претставува директна закана за јавниот ред и мир. Истовремено дел од раководството на “Виножито” беа обвинети за “предизвикување и ширење на омраза меѓу граѓаните”.

Турското население: На турското население му се почитуваат правата предвидени со Лозанскиот мировен договор. На турското население, покрај гарантираните верски слободи, им е гарантирана просвета на мајчин јазик во Западна Тракија постојат основни училишта, гимназии, а во Солун постои и двегодишна Педагошка академија наименувани како муслимански.

Турците имаат и свој печат и свои просветно-културни организации како “Муслимански сојуз”, “Организација на учителите муслимани од Западна Тракија”, “Сојуз на муслиманската младина” итн. До 1989 година турското малцинство делуваше во рамките на двете грчки политички партии: Нова Демократија и Пасок. Постепено тие изразуваа сопствен политички идентитет. Во парламентарните избори од 1990 година Турците се појавуваат со сопствени, независни листи. Основното нерешено прашање е сврзано со етничкото наименување на Турците. Турците се муслимани по вера, но Турци по етничка припадност. Грчките власти упорноТурците ги наименуваат со етнонимот “муслимани”, а Турците од Западна Тракија бараат да им се признае нивното етничко име Турци (како и самите се нарекуват и чуствуваат) и да добијат статус на турско, а не муслиманско етничко малцинство.

Влашкото население: Власите денес во Грција не се признати како посебна етничка група и тие се сметаат за “чисти Грци”. Кај Власите, сепак, се појавуваат тенденции за афирмација на влашкиот етнички идентитет. Во Грција се формира “Сегрчиот сојуз на влашките друштва” кои се стреми да го потенцира влашкиот идентитет. Грчката држава на разни начини ги спречува овие етнички појави кај Власите. Во 1997 година,

Сотирис Блетас, Влав од Негован (Флампурон), беше обвинет и однесен пред обвинителна клупа само поради изјавата дека во Грција постои Влашки етнос и влашки јазик.

Бугаромахомедани (Помаци), Албанци и Роми: Грчката држава води една византиска политика во однос на Бугаромахомеданите. Таа не ги признава Бугаромахомеданите ниту како Бугари, ниту како “муслимани”. Грчките власти сметаат дека тие се само “исламизирани христијани” и се стремат кај Бугаромахомеданите да создадат “помачки етнички идентитет”. Во Грција се печати и еден “Грчко-помачки речник” што е во функција на грчката политика во однос на Бугаромахомеданите.

Албанците: По Втората светска војна, Албанците, како и македонското население, биле сметани за “грчки судети”. Многу од албанското население што живеело во Чамерија било протерано во Албанија. Ромите во Грција се околу 300.000 лица. Главно се христијани-православни, а помал дел се муслимани (сунити). Ромите, главно, живееат во поголемите градови Атина, Солун, Пиреја и не се интегрирани во грчкото општество.

# КУЛТУРАТА - (19-20 век)

Јазичниот спор: По државната независност и под силното влијание на “Големата идеја”, грчката култура ја карактеризираат елементи на конзерватизам и романтизам. Тоа особено се изразило во однос на јазичното прашање. Дилемата кој јазик да се официјализира Катаревуса или Димитоки (народниот јазик), го бранувало грчкото општество. Катаревуса се наметна и била присутна еден подолг период во културниот живот на земјата.

Видни грчки интелектуалци се залагале и се стремеле за примената на Димотики, т.е. на живиот народен јазик. Сериозен чекор напред кон афирмацијата на Димотики прави филологот и писателот Јанис Психарис. Тој, во 1872 година, ја печати на Димотики неговата книга “Патувањето”. На почетокот на 20 век приврзаниците на Димотики се организирале во друштва. Поактивни во тој однос биле друштвата “Национален јазик”, “Образовен кружок” и “Студенско здружение”. Во истиот период се развива образованието (основно, средно и високо). По Атинскиот универзитет (1837), се формирало Националното политехнико (“Мецовион”, 1917 г.), Аграрниот факултет (1920), Факултет за трговија, Солунскиот Универзитет (1925 г.), и Вишиот факултет “Пандион” (1927). Во 20 век, покрај основното и средното, се проширила и мрежата на високото образование. Се формирале нови универзитети во Крит (Ираклион), Тесалија (Волос) и Тракија (Комотини). Во 1977 година завршило “историското ривалство” меѓу Катаревуса и Димотики. На 1 јануари 1977 година народниот јазик (Димотики) бил официјализиран во Грција.

Историографија: Посебна афирмација забележува историографијата. Грчката историографија била под силно влијание на “Големата идеја”. За грчката романтичка историска нарација влијаела и тезата на германскиот научник Ј. Ф. Фалмераиер. Тој во неговото дело го оспорил правото на Грците дека се директни потомци на древните Елени. Грчката историографија го докажувала спротивното дека постои еден непрекинат историски грчки континуитет (Антика, Византија и современието). Теоријата на историскиот континуитет ја

афирмирал Константинос Папаригопулос во неговата 5-тома "Историја на грчкиот народ од древноста до нашите дни". Во втората половина на 20 век се публикувале повеќе историски дела. Во 1970 година грчката академија го побликувала многутомниот историски труд "Историја на грчката нација". Посебно внимание се обранало и на архелогијата. Археологот М. Андроникос го открил гробот на Филип Втори и се здобил со светска слава.

Грчката литература: Грчката литература забележува една сериозна афирмација и особено поезијата. Во периодот од крајот на 19 и првата половина на 20 век се истакнале поетите Костас Паламас ("Дванаесете песни на циганот"), Ангелос Сикаљанос, Константинос Кавафис и Костас Варналис. Грчката поезија својот зенит го постигнала со делата на Георгиос Сеферис (Нобелова награда за литература, 1964 г.) и Одисејас Елитис (Нобелова награда, 1979 г.). Покрај делата на Г. Сеферис и О. Елитис, врвните грчки поети Јанис Рицос (добитник на "Златниот венец" на поезијата во Струга) и Костас Варналис се здобиле со меѓународно реноме и нивните дела, покрај поезијата на Г. Сеферис и О. Елитис, биле преведени на многу светски јазици. Грчката проза, која не ги достигнала височините на поезијата, ја задолжиле Г. Ксенопулос ("Богати и бедни"), К. Хаџопулос ("Љубов на село"). По публикувањето на делата "Алексис Зорбас", "Капитан Михалис" и други, Никос Казанџакис ја подигнал грчката проза на светско ниво.

Театарот: Театарскиот живот бил богат, разновиден и постоеле неколки популарни театри како "Театарска куќа", "Кралскиот театар" (1901) "Нова сцена" (1901), "Котопули", "Проодос" (1907) и "Националниот театар" (1930). Во 20 век театарската дејност се проширила. По војната се отвориле нови театарски куќи во Атина, Пиреја и Солун. Во овој период почнале да функционираат и античките театри од Делфи и Епидаур, каде се претставувале делата на античките великани.

Кинематографијата: На почетокот на 20 век грчката кинематографија ги прави првите чекори. Првиот долгометражен филм "Голфо" од К. Бахтарис е снимен во 1915 година, а првиот говорен филм "Љубениот на овчарката" во

1932 година. Во 20 век грчката кинематографија забележува еден сериозен подем. Филмовите на талентираните режисери М. Какојанис (“Момичето во црно”, “Последната лага”, “Електра”) и Н. Кондурос, ги надминале грчките граници. Филмот Електра бил награден на меѓународниот фестивал во Кан (1962 г.), а филмот на Н. Кондурос “Малите афродити” ја добил наградата “Златната мечка” на меѓународниот филмски фестивал во Западен Берлин (1962 г.).

Музиката: Најпопуларна музика во 19 век била Оператата и Операта. Поистакнати автори на оперети се: Спирос Самарас (“Војна на војната” “Критјанката”, “Принцезата Асасон”). Како автори на класична музика се истакнале Д. Митропулос (“Сестра Беатрице”) и М. Коломирис (“Главниот мајстор”). Во 20 век силен отпечаток на оперската музика во Грција и странство остави легендарната оперска певица Марија Калас. Во доменот на балетската уметност се афирмирал Н. Скалкотас (“Морето”, “Есенски пејзаж”). Во 20 век посебна популарност уживала градската музика: Ребекико. Главен музички инструмент кој се користел бил Бузуки, донесен во Грција од малоазиските бегалци од Измир (Смирна). Ова музика право се проширила во Пиреј, Атина и Солун.

Во 20 век се попопуларна стануваше забавната музика (“Елафро”) и Ребекико. Популарноста на Ребекико порасна и благодарение на врвните музички таленти како М. Хаџидакис и М. Теодоракис. Првите албуни со забавна музика се појавиле во 60 години на 20 век. М Хаџидакис и М. Теодоракис создале нов музички стил (“Лаико”), нешто меѓу Ребекико и забавното (Елафро). Музичкото творештво на овие двајца композитори добило и меѓународно признание. М. Хаџидакис добил “Оскар” за музиката во филмот “Никогаш во недела”, а М. Теодоракис се здоби со светска слава за музиката во филмот “Зорбас”.

Сликарство: Во сликарството биле присутни сите европски уметнички трендови. Многу млади Грци студирале во Западна Европа и ги пренесувале западните искуства од областа на уметноста во Грција. По главни претставници во сликарството биле К. Малеас, К. Партенис, а како скулптури се афирмирале Ј. Халепас и А. Апартис. Значајна улога во развитокот на грчката

уметност одиграла “Уметничката Академија” (“Схоли калон технон”).

Афирмацијата и развитокот на грчката култура во 20 век се должи и на фактот дека грчката држава се повеќе посветуваше внимание во нејзиниот развиток. Мелина Меркури, министерка за култура, заигра посебна ролја во тој однос. Економската криза што ја зафати Грција на почетокот на 21 век сериозно (негативно) ќе влијае врз судбината на грчката култура.

# ПРЕГЛЕДАНА И КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

## 1. ИЗВОРИ

Објавени извори:

Анкета на Балканите, Доклады на Каргнаевата комисия по воинит през 1912-1913, София, 1914.

Documente diplomatice din peninsula Balcanică, Acțiunea României 20 septembrie 1913-1 avgust 1913, Bucureşti 1913.

Documents relatives oux actions antibulgares des pouvoir Serbes et Grecs em Macedoine ou cours de 1 annee 1912-1913, Sofija, 1930.

Ministere des Affaires Etrangers, Archive diplomatique, Grece 1918-1919, Paris.

Statistika apotelezmata tis apografis tu plitizmu tis Elados tis 15-16 maju 1928, Topos genisios, Hriskia ke glosa, Ipokatis, Atena, 1935.

## 2. ЛИТЕРАТУРА

Abecedar, Atena, 1925.

Ајановски Вангел-Оче, Егејски бури, Скопје, 1975.

Андоновски Христо, Ликвидирањето на Евреите од Егејска Македонија од германскиот окупатор, Гласник ИНИ, 1961, бр. 2, Скопје.

Андоновски Христо, ВМРО (Обединета) во Егејска Македонија, ИНИ, 1961, бр. 3, Скопје.

Андоновски Христо, Македонците под Грција во борба против Фашизмот, (1941-1944), Скопје, 1968.

Ancel Jacques, La Macedoine, son evolution contemporaine, Paris, 1930.

Vacalopoulos Apostolos, Histoire de la Grece moderne, 1975, s.l.

Gentizon Poul, Mustapha Kemal ou L'orient en Marche, Paris, 1929.

Dafni Grigori, I Elas metaksi deo polemon 1923-1940, Atina, 1955.

Devedji A. L'echange obligatoire des minorites greques et turques en vertu de la convention de Lausanne du 30 janvier 1923, Paris, 1930.

Димитров В. Георги, Настаняване и оземляване на българските бежанци (1919-1939), Благоевград, 1985.

Drauet F. L'heritier M. Historie diplomatique de la Grece de 1821 a nos jours, Paris, 1926.

Ekrem Mehmed Ali, Ataturc-făuritorul Turciei moderne, Bucureşti, 1969.

Иванов Йордан, Българите въ Македония, София, 1915.

Jonescu Eugen, Cauza romanească in Turcia europeană şi confflictul cu Grecia, Bucureşti, 1906.

Кастелан Жорж, История на Балканите 14-19 век, Пловдив, 2002 г.

Katsulis D. Giorghi, Istoria tu Komunstiku Komatos Elados, tomos 1, 2, 3, 4, Atina, 1976.

Capidan Th, Les Macedo-Roumains, Bucuresti, 1937.

Kitsikis Dimitri, Propagande et pression en politique international, la Grece et ses revendications a la conference de la paix 1919-1920, Paris, 1963.

Kirakides P. Stilipon, The Nothem ethnological boundaries of Hellenism, Thesaloniki, 1955.

Kiru A. Ahil, Sinomasia enasdion tis Makedonias, 1940-1949, Atina, 1950.

Киселиновски Стојан, Грчката колонизација во Егејска Македонија (1913-1940), Скопје, 1981.

Киселиновски Стојан, КПГ и македонското национално прашање 1918-1940, Скопје, 1985.

Киселиновски Стојан, Етничките промени во Македонија (1913-1995), Скопје, 2000.

Киселиновски Стојан, Ирена Ставови-Кавка, малцинствата на Балканот (20 век), Скопје, 2004.

Киселиновски Стојан, историскиот детерминизам и македонскиот јазик (20 век), Скопје, 2009.

Kofos Evanghelos, Nationalism and communism in Macedonia, Thesaloniki, 1964.

Kolokotronis V., La Macedoine et L'hellenisme, Etude historique et ethnographique, Paris, 1919.

Kontohianos P.M., Turkia ke Turki, Atina, 1924.

Korizis S. Hariton, Makedonia qhi eliniki, Atina, 1950.

Cuşa Nikolae, Aromâni (macedonenii) in România, Constanta, 1996.

Кънчов Васил, Избрани произведения, София, том 2, 1970.

La Question Macedoine, Sofia, 1918.

La Mouche Leon-Colonel, La question des minorities, Paris, 1931.

La Mouche Leon, La Question Macedoine, Sofia, 1927.

Laveleye Emile, La peninsuke des Balkans, Paris, 1888.

Livieratu Dimitri, Pantelis Puliopulos, Atina, 1992.

Lonard Geordes, Les deux guerres et les atrocities balkaniques, Bruxelles, 1941.

Люоис Бърнард, Възникване на съвременна Турция, Пловдив, 2003.

Манчев Кръстьо, История на балканските народи (14-20 век), София, 2001.

Македония като природно и стопанско цяло, 1945.

Maravelaki M. Vakalopulu A. I Prosfigiki engatastasi en tin periohi Thesaloniki, Thesaloniki, 1955.

Mavrokordatu M.I. Hamudopulu A.X., I Makedonia meleti dimografiki ke ikonomiki, Thesaloniki, 1931.

Mbocari D. Noti, I Mikra Asia ke o elinismos, Atina, 1919.

Mbramu Kosta, Slavjano-makedonikes organosis en Macedonia, Thesaloniki, 1953.

Милетич Л. Гръцките жестокости въ Македония през гръцко-българската война, София, 1913.

Митрев А., Зографски Д., Абаџиев Ѓ., Керамитчиев М., Егејска Македонија во нашата национална историја, Скопје, 1951.

Montran Robert, Historie de la Tourquie, Paris, 1952.

Павловић Стефан, Историја Балкана, Београд, 2001.

Пејов Наум, Македонците и Граѓанската војна во Грција, Скопје, 1968.

Panutiadis A., Istoriki ke ethnologiki meleti ut Valkaniku zitimatos, Atina, 1947.

Ristelhueber Rene, Histoire des peuples balkaniques, Paris, 1950.

Руменов Владимир, Българите в Македония подъ гръцка властъ, Македонски преглед (МП), кн. 4, София, 1941.

Sarafis St., O Elas, 1958, s. 1.

Симовски Тодор, Балканските војни и нивните реперкусии врз етничката положба на Егејска македонија, ГИНИ, 1972, бр. 2, Скопје.

Симовски Тодор, Населените места во Егејска македонија, том. 1-2, Скопје, 1998.

Societe des Nations, L'etablissement des refugies en Grece, Geneve, 1926.

Svoronos Nikolas, Historie de la Grece moderne, Paris, 1968.

Ставови Кавка Ирена, Историја на Македонија, Скопје, 2002.

Statistiki epiteris tis Elados, Athina, 1958.

Трайков Н. Веселин, Населенитъ места въ Тракия и Македония, София, 1941.

Veritas, Македония подъ иго (1919-1929). Документи и свидителства, София, 1931.

Vilari Luigi, The Balkan question, London, 1905.

Weigand G., Ethnographie von Makedonien, Leipzig, 1924.

Wurbain A., L'echange greco-bulgare des minorities ethniques, Laussane, 1930.

3. СПИСАНИЈА

Komunistiki epiteorisi, 1934.

Makedoniko imerologio, Thesaloniki, 1939.
Peninsula Balkanica, Bucuresti, 1925.

4. ВЕСНИЦИ

Rizospatis (1927-1934)
Балканска федерация (1924-1926).
Македонско дело (1924-1926).

# Германски историчар објаснува како е фалсификувана грчката историја

http://mn.mk/istorija/15572-Germanski-istoricar-objasnuva-kako-e-falsifikuvana-grckata-istorija

Германскиот историчар вели дека историјата е сосема поразлична од онаа што сме ја учеле во училиште, па така во книгата „Фалсификување на човечката историја” сосема отворено тврди дека сите „грчки” автори се всушност западноевропејци кои ги фалсификувале „изворите” во периодот меѓу 11 и 12-ти век.

Според проф. д-р Анатолиј Тимофеевич Фоменко, математичар од Московскиот универзитет и член на руската академија на науки, античка Грција е смислена од ренесансните писатели и уметници, а потоа нивните фантазии се претворени во „историски факти” врз кои се базира целокупната западноевропска цивилизација. Грчкиот претседател, пак, Прокопис Павлопулос од Каламата, иако не е историчар, насекаде и постојано тврди дека „грчкиот карактер на Македонија е неоспорлив и за него не се преговара”, односно „денот на прославата на светиот спомен на заштитникот на Солун, Свети Димитрија, е годишнина на славниот пат на Солун, од една страна, за историјата на нацијата и православието, и второ, за неговата улога како буден чувар за грчкиот карактер на нашата Македонија кој е неоспорлив и за кој не се преговара”.

Претходно, во Воден истиот „стручњак” самоуверено изјави дека „Македонија била и ќе остане грчка”, а од Солун дополнително порача дека неговата држава ќе направи се „за да го одбрани грчкиот карактер на Македонија”

Но, фактите велат дека Македонија почнувајќи да речеме од времето на Каран, околу 800 година п.н.е, па се до таканаречените „Славјани” не само што не била грчка туку во никаква форма никогаш не влегувала во состав на Грција, односно Елада. И по поделбата на Македонија во 1913 година, односно по грчката окупација на Егејска Македонија, Грците

воопшто не сакаа ниту да ја спомнуваат Македонија ниту како географски поим. Дури по осамостојувањето на Република Македонија, особено во времето на Костас Караманлис, големиот патрон на сегашниот претседател Павлопулос, Грците со поддршка на некои политичари и пријатели од Запад жестоко почнаа да се вртат кон античките Македонци, за кои „утврдија” дека биле Грци за да докажат дека и Македонија е грчка.

„Како може Грк да биде пријател на Грците?“

Во пишаните документи е забелажно дека и според старите поети, но и според тогашните историчари, Македонците и Грците отсекогаш биле два различни народа. Затоа, на пример, Хесиод во 700 година п.н.е пишува: „А таа, ќерката на Девкалион, од Зевс, молнољубецот, роди сина два: Магнит и Македон – коњаник, воин…

Хесоид

Втората ќерка на Девкалион роди исто така сина два: Грејк и Латин…” Според тоа дури и за Хасиод, Македонците, Латините и Грците се во некоја сродност, но не се исти.

И не само поетите туку и историчарите низ историски факти потврдуваат дека Македонецот Александар I за услугата кон Хелените пред битката кај Платеа во 479 година п.н.е го добива прекарот – „филхелен”, што во превод значи – „пријател на Хелените”.

Притоа не треба никаква француска диплома, како онаа на Павлопулос, за да се постави едно и единствено логично прашањето: „Како може Грк да биде пријател на Грците?”

Патем треба да се има предвид дека Хелените секогаш и секаде Македонците ги идентификуваат како варвари. Така, на пример, историчарот Кито е конкретен кога пишува:

„Кога ќе се рече Македонец, треба да се разбере варварин, кој не говори и кој не мисли грчки”.

Демостен пак и да не се спомнува. Фактите говорат дека највисоките заеднички тела на Хелените биле недостапни за Македонците токму заради тоа што Македонците биле сметани за варварски, не-хеленски народ. А дека терминот варвари не е употребуван само за да се навредат Македоците туку и за да се одвојат како народ говори и фактот што, колку и да војувале меѓу себе, Атина и Спарта, на пример, никогаш не се нарекувале варвари.

Исто така, во Ампфихтионскиот совет во Делфи, највисокото хеленско тело во тоа време, единствени нема само Македонци. Дури откога Филип II ќе ги порази Фригијците со сила обезбедува два гласа во Советот но неговите претставници биле претставувани според градовите од кои доаѓале и племенската припадност, за разлика од Хелените.

Помпеј Трог пишува:

„На Ономарк, Тиванците и Тесалците како свој водач не му спротивставија некој од своите сограѓани, туку македонскиот цар Филип, и така доброволно му ја отстапија на еден старец власта".

И не само ваквите политички тела но и културните институции и настани биле забранети за Македонците како не-хелени. Така познато е дека ним им е забранет пристапот на хеленските олимписки игри па Македонците организираат свои – македонски игри. Првпат му е дозволено само на Александар Филхелен, но и тоа е политички пресметан потег. Во тој контекст факт е дека Александар Македонски во својата војска на походот кон исток имал одреден број Хелени, но само како платеници, а не како македонска војска.

Европа ја прифатила грчката пропаганда заради силниот антагонизам кон Османлиската Империја!

Според историчарите, по доселувањето на Грците, односно Хелените од Африка, тие отпрвин окупирале само дел од денешните јужни грчки острови, но со текот на времето

почнале да го наметнуваат својот говорен јазик на домородното население. Сепак уште тогаш наишле на отпор од страна на староседелците; познати се судирите помеѓу Хелените и Пелазгите, за кои пишува и Херодот. Иако во античкиот период не постоела единствена држава под името Грција, мнозина во светот и денес го користат погрешниот термин „античка Грција”.

Освен тоа се знае дека Грците, односно Хелените го користеле феникиското а не некакво грчко писмо. Во тој контекст западната историографија е преполна со грешки и фалсификати, кои главно се однесуваат на прикажување на многу вредности во антиката како „грчки”, иако тоа не било така. Всушност голем дел од овие вредности биле создавани не само од Грците, туку и од Македонците, Тракијците, Илирите, Пелазгите и другите антички народи, но од создавањето на модерната грчка држава во дваесеттите години на 19 век, со помош на Големите сили, а пред се со помош на Русија, „создадена е една силна државна грчка пропаганда, која била прифатена и од европските држави заради нивниот антагонизам кон Отоманската империја”.

На европските држави им одговарало да ги прифатат грчките фалсификати за наводните „историски права” на Грција да поседува голем дел од Балканот, токму како причина за да се избрка Турција од Балканот. Затоа во Европа беа прифатени грчките лаги и фалсификати, и до денес истите по инерција се препишуваат.

Инаку, историски податок е дека Грците ни во 1830 година не знаеле дека се Грци, и немале никаков удел во проектот за создавање свест за грчки идентитет. Факт е дека тие воопшто не биле потписници на спогодбата потпишана во мај 1832-та година помеѓу Британија, Франција, Русија и Баварска со која се одредени условите под кои кралот Отон стапува на престолот, а со која територијата што ја кралство е ставена под „гаранција на трите сили заштитнички”.

Првиот грчки крал, Отон

Младиот баварски крал стигнал во февруари 1833 година во привремената престолнина Нафплион, а проблемите со кој се соочил тој и бројната свита биле многубројни. Покрај неизбежните проблеми околу изградбата на инфраструктурата на една сосема нова држава, постоела и итна потреба да се создаде заедничка свест за грчки идентитет, односно од затеченото население да се создадат Грци.

Затоа Баварците и кралот се соочиле не само со проблеми во изградбата на државата туку и со проблемот на изградба на нацијата. Дури потоа, во последните две децении од 19-от век, како и во првата деценија од 20-от век, Македонија станува средиште на вниманието на грчкиот, бугарскиот и српскиот национализам за приграбување на што поголем дел од територијата.

Според истражувањата за грчката политика на Балканот на проф. д-р Далибор Јовановски од Катедрата за историја на Филозофскиот факултет во Скопје, со договор меѓу Големите сили во 1830 година за грчки крал требало да биде избран Леополд Саксенкобурски, но тој набрзо се откажал од тронот на кој воопшто и не седнал. По две години, во 1832-та година, Големите сили го решиле проблемот со избор на крал па со нов договор меѓу Англија, Франција, Русија и Баварија од 7 мај 1832 година за грчки крал бил поставен Фридрих Отон, вториот син на баварскиот крал.

Новиот грчки крал, според договорот, ја носел титулата крал на Грција, а не на Грците. Истите земји потпишале и договор со османлиските власти со кој се утврдила северната граница на Грција, така што таа се движела по линијата Арта-Волос, а со тоа Грција конечно можела да функционира како некаква независна држава.

Со декрет од 4 август 1833 гдина било прогласено создавањето на Грчката автокефална православна црква, а тоа е сторено без одобрување на Цариградската патријаршија. Кој и кога ја признал грчката црква е прашање што заслужува посебна анализа. Во секој случај, Синодот на новосоздадената расколничка црква му бил потчинет на германскиот крал Отон.

Со декрет било создадено и посебно министерство за вера а биле направени и реформи во манастирите. Зад создавањето на Грчката автокефална црква стоеле круговите што биле под англиско и француско влијание. Русија не сакала да се согласи со самостојноста на Грчката црква, сметајќи дека тоа не е во склад со нејзините интереси а за тоа имала поддршка и од Цариградската патријаршија но и од многу Грци во самото кралство, кои биле преврзаници на Цариградската патријаршија. Паралелно со „изградбата на грчка свест на населението" кон крајот на 1833 и почетокот на 1834 година, кралскиот протекторат почнал да ги акредитира своите први дипломатски претставници. Притоа, од бараните деветнаесет конзулски и вицеконзулски места, Портата во Стамбол дала дозвола само за седум. Со оваа дозвола, Грција почнала да ги испраќа своите први конзули во османлиската држава, па така на 6 декември 1834 пристигнал и првиот грчки конзул во Солун, а со тоа и официјално почнува дејствувањето на грчката дипломатија на територијата на Македонија, односно доаѓа до некаква грчка присутност во Македонија. Конзулот Валијанос бил назначен од својата влада за прв грчки конзул во Македонија со седиште во Солун. Оттука почнува засиленото измислување на историјата смислена во кабинетите на западните историчари во служба на новата таканаречена западно-европска цивилизација. Или, според Уве Топер, вистинската историја нема ништо заедничко со она што го пишуваат западните историчари, особено не со нивната измислена античка историја, односно историјата поврзана со Грција.

Извор: Денешен весник

# Грчкиот идентитет и грчката нација се вештачки проект на Германија

http://www.mn.mk/aktuelno/15557-Grckiot-identitet-i-grckata-nacija-se-vestacki-proekt-na-Germanija

За нештата да бидат појасни. Бараме признание на нашето име и идентитет, од држави, кои ја формирале грчката нација и идентитет, кои ја одобриле поделбата на Македонија во 1913 година, а сега сакаат по секоја цена да не ‘пикнат’ во нивната Алијанса, како безимени и апатриди. На чело на оваа анти-македонска алијанса е Германија, која својата цел сака да ја оствари перфидно преку Велика Британија, а Америка, како нова држава (постои едвај двеста и нешто години) и е една од воените велесили на светов, е само инструмент кој во овој момент е способен да им ја реализира нивната желба.

А секако тука е и фактот дека во целата оваа конструкција има учество и на Русија, која за разлика од минатото, сепак има свој позитивен контекст, барем од осамостојувањето на Македонија.

Подолу наведениот текст е само фактографско наведување на случувањата, без некоја поширока анализа за тогашните случувања, кои, се разбира, треба да ги гледаме од поинаков аспект. Со Договор меѓу Големите сили, Франција, Велика Британија и Русија, во 1830 година, за Крал на Грција, требало да биде избран Леополд Саксонкобурски, но тој се откажал од престолот.

Две години подоцна, со нов Договор (Конвенцијата од Лондон), помеѓу Франција, Велика Британија и Русија, како и Баварска, Грција на 7 мај 1832 година добива државност. Со овој Договор утврдени се условите и начинот на управување на младиот крал Ото Фридрих Лудвиг фон Вителсбах (Otto Friedrich Ludwig von Wittelsbach), од Баварија, вториот син на баварскиот крал Лудвиг Први.

На 1 ноември 1832 година во Минхен бил потпишан Договор за Сојуз и Пријателство меѓу Баварија и Грција, со кој бил регулиран престојот на 3.500 баварски војници на грчка

територија на три години. Откако биле регулирани односите, Ото можел да пристигне во неговата нова татковина, и тој доаѓа на престолот на ова кралство на 6 февруари 1933 година, во Нафплион, Пелопонез. Со ова, територијата на кралството Грција станува протекторат на трите најмоќни држави во тоа време, Франција, В. Британија и Русија.

Овие држави потпишале и Договор со Отоманската Империја, со кој се утврдила северната граница на Грција, така што таа се движела по линијата Арта-Волос. Со тоа Грција почнала да функционира како некаква независна држава.

Фридрих Ото, ја носел титулата Крал на Грција, но Големите сили не дозволиле да се нарече и Крал на грците. Дека до тогаш, грците не постоеле како нација, ниту како држава, кажува фактот дека тие ниту се спомнуваат во Договорот, ниту се потписнички на истиот.

Во тоа време, 1833 година, кралот Ото бил малолетен, па со Кралството Грција, до 1835 година, управува Совет од тројца 'намесници' од Баварија, Јозеф фон Араманшперт, Лудвиг Маурер и генерал Карл Вилхелм фон Хајдем.

Тогаш е отпочнато со 'изградба на свеста' на месното население, за создавање 'грчка нација'. Во Кралството функционирале три политички партии: Француска, Британска и Руска, од кои само Француската партија била за 'мегали идејата'.

За да биде се, како во права држава, на 4 август 1833 година, со Декрет на 'намесниците', било прогласено создавањето на Грчката автокефална православна црква. Цариградската патријаршија, не дала согласност за формирањето на црквата. Кој и кога ја признал грчката црква е прашање што треба да се истражува и анализира.

Синодот на новосоздадената расколничка православна црква, бил потчинет на баварскиот крал Ото, кој бил католик. За таа цел, исто така, со декрет, било создадено и посебно Министерство за Вера, по што се прават реформи во

манастирите. Зад создавањето на Грчката автокефална црква, стоеле англиската и француската партија. Русија не сакала да се согласи со самостојноста на Грчката црква, бидејќи тоа не било во согласност со нејзините интереси. За тоа, имала поддршка и од Цариградската патријаршија, како и од некои видни Грци во самото кралство, приврзаници на Цариградската патријаршија.

Како се одвивала „изградбата на грчка свест на населението", кон крајот на 1833 и почетокот на 1834 година, кралскиот протекторат бил спремен, да ги акредитира своите први дипломатски претставници во поголемите европски држави. Иако, не се постигнала согласност за трговска соработка, помеѓу Кралството Грција и Отоманската Империја, сепак со помош на Рускиот пратеник Бутењев, Кралството Грција успеало да издејствува седум, од бараните деветнаесет конзулски и вицеконзулски места. Така на 6 декември 1834 пристигнал и првиот грчки конзул, Валијанос, во Македонија со седиште во Солун. Со тоа и официјално почнува дејствувањето на грчката дипломатија на територијата на Македонија.

Следната година, во јуни 1835 година, во чест на роденденот и полнолетството на кралот Фридрих Ото, престолнината на Грција, од Нафплион, Пелопонез, била преселена во Атина, која полека почнала да се издигнува.

Тогаш се започнува и со измислување или 'настанување' на грчката историја, во кабинетите на француските, британските, руските и баварските историчари и политичари, на што се приклучиле и историчари од тогашна Австро-Унгарија.

И на крајот, интересно откритие за фејк историските споменици во Грција од Рускиот инженер Алексеј Кунгуров кој тврди дека не само грчката историја туку и нивните историски споменици не се тоа зашто се представуваат. Правејќи анализа и споредба со спомениците направени во тоа време во Ст. Петерсбург, Кунгуров заклучува дека Партенон е лажен споменик изработен многу подоцна со цел привлекување на туристи и дека Партенон воопшто нема темели!

Од блогот Република Македонија